**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места, ќе започнеме со седницата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Иван Анастасовски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Флора Кадриу, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Стојан Андов, Александар Спасеноски, Оливер Шамбевски, Данаил Дончев, Зоран Витанов, Фијат Цаноски, Марјана Секуловска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

На седницата присуствуваат 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието има мнозинство и може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ги повлече Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за стручно образование и обука, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, со Предлог на закон кои се уврстени на предлогот на дневниот ред на оваа седница се разгледани на 28-та седница на Собранието.

Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодобата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните, со Предлог на закон кој е уврстен на предлогот на дневниот ред на оваа седница е разгледан на 26-та седница на Собранието.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на мултилатерална Спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралство Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска зедничка воздухопловна област, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесувње на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесувње на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесувње на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесувње на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесувње на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон;

10. Барање за давање автентично толкување на член 66 од Завршните и преодни одредби од Законот за управни спорови, поднесено од Народниот правобранител;

11. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Повелете господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, дами и господа.

Не толку за изменување на дневниот ред, туку чисто процедурално. Имам еден предлог, до колку го прифатите.

Во четвртокот кога беа пратеничките прашања, а и деновиве од стана на премиерот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски беше изнесено во јавноста дека од 50 и неколку закони кои треба да бидат за усогласување со европското законодавство и исполнување на некои критериуми и реформски закони во Република Македонија 36 или 37 биле доставени во собраниска процедура. Владата си ја завршила својата работа, уште Собранието да си ја заврши својата работа.

Од она што ние го имаме како пратеници добиено, освен неколку ратификации, кај нас немаме добиено закони кои се, барем за решавање на одредени проблеми во Република Македонија, а камо ли за усогласување со европското законодавство.

Или премиерот сака да ја префрли целата вина на нас пратениците или ние пратениците не знаеме дека во собраниска процедура се стигнати тие закони.

Затоа би ве замолил и би предложил сите закони кои ги спомнува премиерот во јавноста, до колку се кај вас во кабинетот, до колку се во Собранието да ни подготвите список и тие закони ние ги усвоиме. До колку смета на оние закони кои до сега сме ги усвоиле дали има еден или двајца директори во здравствените организации, еден или двајца директори на Телевизијата, еден или двајца директори на Фондот, тогаш да кажете дека се донесени.

Сето ова сакам да го кажам за да не се стекне впечаток во јавноста дека ние пратениците сме тие кои го кочиме донесувањето на европските реформски закони. Би предложил, дали денеска или од утре ако сакате, покрај оној список што го доставивте до пратеничките групи за редослед на работа на седниците на Собранието да доставите список на сите закони на кои сметал премиерот дека треба да се донесат во Собранието, а завршиле владина процедура, биле стигнати кај нас, сите тие да ги донесеме во најскоро можно време.

Во спротивно, имам впечаток дека сака, без потреба, да се фрли целокупниот проблем на страна на пратениците иако кај нас пратениците, такви закони какви што спомна премиерот во јавноста, не се стигнати. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас ќе ви одговорам кратко, се надевам задоволително. Кај нас како принцип во ова Собрание како било до сега така е и од сега, не се држат закони. Се што ќе се добие пронтно оди спрема вас, тоа е на ваша адреса. Ние сме само интерлокатори. Тоа е прво.

Второ, факт е дека извесно време имавме извесни застои, факт е дека и јас самиот бев во паника, имаше многу закони кои се таложеа, но сега исто така е факт дека се олеснува работата.

На денешниот состанок на колегиумот дадов налог во среда да знаеме точно, бројчано уште колку закони има во Собранието кои не дошле на дневен ред или дошле, па не се усвоиле и тн., за да знаеме каде сме. Инаку, како што знаете, до 2 март, а и за оваа седница имате однапред план, што е сепак некаков напредок во однос на поранешните денови. Тоа не е напредок затоа што ние сакаме да работиме повеќе, туку затоа што можеме, има помалку материјал, па можеме да го обработиме. Во таа насока се работи и мислам дека тие работи ќе отпаднат, а ќе отпаднат затоа што јас имам таков впечаток дека ќе оди работата.

Повелете, Слободан Најдовски, една минута.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам претседателе, само потврдивте дека воопшто нема стигнато закони за кои премиерот зборува во јавноста и дека пратениците не се тие што ја кочат работата. Камо среќа да ги имавме тие закони до сега стигнато, вие гледате дека пратениците најмалку се спротивставуваат и конфронтираат по однос на такви закони.

Апелирам до премиерот што побрзо да ги испрати законите до Собранието кои се поврзани со реформите за влез во Европската Унија, а ние пратениците ќе ги донесеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, тоа е сега политика во која не би се впуштал, тоа се ваши ставови на кои имате право, мое е да кажам точно и објективно до каде е работата, без наклоност.

Се надевам дека сте задоволни од одговорот.

Понатаму за збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе,

Согласно одредбите од Деловникот околу 20 пратеници од пратеничката група на СДСМ повеќе од десетина дена има поднесено информација за состојбите со откупот на тутунот од реколтата 2006/2007 година. До денеска оваа точка, иако навистина е многу важна и сега треба да се разгледува затоа што подоцнежно разгледување не би имало смисла, значи не е ставена на дневен ред.

Од контактите што ги имам со тутунопроизводителите, а особено со претседателите на здруженијата на тутунопроизводителите и писмените обраќања кои верувам ќе ги добиете деновиве и вие, луѓето бараат оваа точка да се стави на дневен ред што е можно побрзо.

Бидејќи до денеска не е ставена, ве прашувам дали планирате за брзо време да ја ставите на дневен ред или можеби оваа седница да биде дополнета, па макар била и последна, со оваа точка на дневен ред затоа што сметам дека секое подоцнежно разгледување на оваа точка би било

штетно, а од заклучоците кои евентуално се предложени и евентуално би произлегле од расправата на оваа пленарна седница, сметам дека можат да се изнајдат решенија за проблемите кои ги мачат тутунопроизводителите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако ме прашувате мене, мислам дека оваа тема заслужува повеќе од една точка на една седница, можеби заслужува цела седница оваа тема. Оваа тема е многу важна за нашите граѓани, меѓутоа, јас сеуште не би закажувал седница без мислење на Владата. Очекуваме секој момент да добиеме мислење од Владата за да сме комплетни. Секако на оваа тема треба да сме дежурни и да и дадеме адекватен третман, барем што се однесува до мене.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, јас сум ги презела сите механизми кои ми се дадени, согласно Деловникот и Уставот на Република Македонија по ова прашање. Исто така сум поставила и пратеничко прашање претходниот месец, но до ден денеска се уште немам добиено одговор од расорното министерство односно од Владата.

Исто така по информацијата, согласно Деловникот, не ни е потребно мислење од Владата, секако ако Владата сака да даде мислење, не и го оспоруваме тоа право, може да го даде, меѓутоа, ние мораме, како Собрание, што е можно побрзо свесни за ургентноста на ситуацијата и свесни за егзистенцијалните проблеми во кои се наоѓа оваа категорија на луѓе, би ви предложила, еве ако сакате би ве замолила, да закажете што е можно побрзо седница на која ќе биде можеби единствена оваа точка. Секое одлагање, секое подоцнежно разгледување на оваа состојба, ова го кажав и при поставувањето на пратеничкото прашање, верувајте дека непреземањето мерки како од страна на Владата за овој проблем така и од Собранието, би можело да предизвика на терен несакани последици. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Вашата забелешка ја земам најсериозно, ќе видиме колку брзо и како може да се направи.

За збор се јави господинот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Сакам да кажам и да протестирам зошто на оваа седница не е ставена поднесената информација, од група пратеници на СДСМ, за состојбите во здравството.

Не сакам сега да елаборирам каква е состојбата, но сакам да кажам дека треба што побрзо да ја побараме додека има шанси да го спречиме дополнителното демонтирање на здравството, посебно Клиничкиот центар.

Сега треба да разговараме за да ги спречиме, навистина лошите секојдневни донесени одлуки од страна на Фондот и Министерството за здравстрво, со кои тотално се блокираат реформите во примарното здравство.

Навистина сега почнаа да се казнуваат и одземаат лиценци лекарите ни криви ни должни во примарното здравство, луѓето немаат земено плата или аванс пет-шест месеци, а сега се принудени и под притисок на Министерството, гледам секојдневно во весниците, има огласи дека ќе се казнуваат сите доктори кои не работат спрема Законот.

Сега да разговараме во мирна атмосфера, да не го правиме тоа под притисок и штрајкови на здравствените работници. Навистина ова е важна тема, бидејќи се засегнати сите два милиони граѓани на Република Македонија. Оваа информација не е поврзана со никакво давање на мислење од Владата. Според Деловникот, мислам дека сите услови се исполнети да биде ставена на дневен ред. Онака како што налага Деловникот поддржана е од 20 пратеника од СДСМ, мислам дека без разлика дали е стигнато или не мислењето од Владата, треба да ја поставите на дневен ред. Имавме случаи кога пронтно за 24 часа ставивте на дневен ред точка предложена од еден пратеник. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

И проблематиката за тутунот и за здравството имаа толку богати дискусии во Парламентот кога беа на тапет, што ваквиот логичен и природен слет е во ред, но сепак не заради обврските по Деловникот, туку заради тоа што има определена релевантна тежина и мислењето на Владата не е лошо, добро е да се почека мислењето на Владата, бидејќи таму е клучот, знаете на што мислам.

Минута за господинот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Бидејќи кажавте господине претседателе дека сепак ќе ја чекате одлуката на Владата, но сакам да ми одговорите. Ако мислење од Владата нема оваа година дали вие ќе ја ставите или не? Владата не е обврзана да даде мислење, може да не даде мислење. Колку е времето на чекање и толеранција добивањето мислење од Владата?

**Љубиша Георгиевски:** Добро, ова е реторички мат даден на мене од ваша страна, јас ја предавам партијата во интерес да тргнеме по дневниот ред.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 61, воздржани 5, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точката 1- Предлог за донесување на закон за**

**ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучо

Собранието го усвојува Прелогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, сите 71 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, и сите 68 за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување.

**Минуваме на втора точка: Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за преземање сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот за извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорените страни.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 62 пратеници гласале за, воздржано двајца, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 64, воздржано еден, против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 63, воздржани двајца, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни.

**Минуваме на трета точка-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за превземање лица со незаконски престој на нивните територии со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на зконот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам кој бара збор ?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собраниерто го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници,сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор.

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македони и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии.

**Минуваме на точката 4-Предлог за донесување на закон за ратификација на Мултилатерална спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Мултилатерална спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област**.**

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам,кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законотза ратификација на Мултилатерална спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји членки Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралство Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област.

**Минуваме на точката 5- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас имате измени и дополнувања на Законот за трговски друштва. Овој Закон е донесен 2004 година, измени се направени во 2005 година, сега правиме некои дополнувања во насока на подобрување на текстот и неговото фунционирање.

Имено, во членопт 1 предлагаме да се укине членот 11 од постојниот Закон, затоа што Уредбата за трговскиот мал обем е укината од Уставниот суд. Понатаму, се предлага да имаме усогласување со Законот за прекршоци. Исто така во членот 3 предлагаме да нема уплата на средства при регистрација на трговските друштва. Нема 1/3 од паричниот долг, со учество, како што беше досега, туку тоа може, оној кој сака да регистрира трговско друштво да ги обезбеди тие средства во рок од една година. Цениме дека со тоа ќе се забрзаат постапките за регистрација во Трговскиот регистар.

Исто така, се предлага акционерите да имаат право на увид во акционерската книга, малку попрецизно кажуваме да можат да вршат и фотокопирање за нивни потребни од централниот регистар. Понатаму правните лица не можат да бидат членови во надзорниот Одбор. Со ова се зајакнува одговорноста на Управниот одбор и се

изедначува со одговорноста на членовите во Одборот на доверителите.

Друга поважна измена е тоа што досега имавме проблем со исплата на дивидендата. Сега предлагаме, доколку не се исплати на време да има и камата.

Да не должам многу, на крајот, предлагаме овие одредби, реков дека имаме усогласување со Законот за прекршоци, таму имаме казнени одредбио, нови, малку се зајакнуваат законските одредби и овие промени ги предлагаме трговските друштва да ги усогласат до 30.06.2007 година со намера да немаат дополнителни трошоци и да можат да ги усогласат со овој закон што го предлагаме.

Накратко е толку, предлагам да се прифатат овие измени и дополнувања на Законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Благодарам.

Збор има госпоѓа Младениска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младениска -Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

И дневен ред на седницата на Собранието е само една или еден од познатите начини на работа на парламентарното мнозинство, кога Парламентот, наместо да се овозможи да работи врз основа на материјалите што се претходно добиени, претходно обработени по комисии за кои што пратениците се информирани, ние овде играме квиско па не ги знаеме одговорите, односно не можеме на време да се спремиме за тоа што кога ќе годјдеме во Собранието ќе ме дочека.

Можеби не е како друг пат кога последен момент кога влегуваме во салата, тогаш го дознаваме дневниот ред, меѓутоа бевме соочени со фактот во четвртокот, кога ја завршивме претходната седница, да не знаеме со што ќе продолжиме во понеделник, па со пораки преку телефон добивме информација дека еве, наеднаш, овие точки на дневен ред што се денеска поставени, се приоритет на Владата иако, да потсетам, оваа седница каде што уставните измени беа прва точка па потоа следуваа другите закони што се на дневен ред, беше закажана за 26 декември. Но тогаш, беше одложена поради Буџетот, поради други точки што тогаш се разгледуваа и беа итни. До денеска не беше закажана, како што спомнав, со порака на пратениците, ни беше кажано, ќе продолжи 23-та седница на Собранието на Република Македонија. Ние треба навистина, на памет да знаеме која е 23-та седница, да ги знаеме дневните редови или постојано да се движиме, а верувале или не навистина и се движиме со ташните со сите седници и информации за тоа која седница со кои точки на дневен ред се, за да знаеме кога ќе влеземе во салата да не ни приредите некое ново изненадување.

Нема да навлегувам во причините зошто тоа го правите. Мислам дека е повеќе од очигледно, да создадете поголема забуна кај пратениците од парламентарната опозиција. Но, колку и да настојувате во тоа, секогаш, навистина, нашите аргументи ќе најдеме начин да ги искажеме овде во Парламентот за или против некое прашање што е точка на дневен ред.

Кога станува збор за Законот за измена и дополнување на Законот за трговски друштва, ако го читаме образложението што ни е дадено и делумно од она што денеска го кажа заменикот министер, навистина произлегува дека е неспорна нашата поддршка или потребата овие измени и дополнувања да бидат поддржани, затоа што образложението, во најголема мерка, настојува да ги оправда овие измени со аргументација за забрзување на регистрацијата и зголемување на обемот на странските инвестиции. Тоа е прашање на што работи Владата, знаеме, преку инвестирање во балони, итн, но тоа е работана Владата. Тука нема да навлегувам. Секој има право да ја користи власта онака како што смета дека треба.

Но, навистина не можам да ги прифатам ситеоние аргументи што денеска беа изнесени. Опозицијата е навистина заинтересирана и за побрза регистрација, тоа ние го направивме во претходниот мандат со Законот за едношалтерски систем, а тоа во пракса и се покажа. Сакаме странски инвестиции, тоа е во интерес на нашата држава. Но, во никој случај не смееме да ги запоставиме интересите на нашите граѓани, правната сигурност, а не смееме да дозволиме и волонтаризам. Сметам дека некои одредби што се внесуваат со овој закон, не е баш така како што спомна заменикот министер дека се во функција на странските инвестиции.

Иако е неспорна потребата од бришење на членот 11, заради Одлуката на Уставниот суд, бидејќи станува збор повеќе за техника, ако е неспорно дека со овие измени и дополнувања се прави усогласување со Законот за прекршоци, впочем тоа се случува со сите закони што се во процедура, затоа што има рок во кој што мора да се усогласат со Законот за прекршоци и поради тоа овој Закон би ја имал поддршката од опозицијата, не се согласувам дека другите одредби, од кои ќе спомнам еден дел, значат и потреба од поддршка, односно начинот на кој што се напишани, навистина не обврзуваат да ги поддржиме. Тоа е членот 175, кој што се менува и гласи, јас ќе го прочитам новиот член, а потоа ќе ги прочитам и постојните одредби да видиме во што се состои разликата:

“Пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото во Трговскиот регистар, содружникот нема обврска за уплаќање на паричниот влог, ниту пак за внесување на непаричниот влог.

Во случај на уплата на паричниот влог пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во Трговскиот регистар уплатата се врши на

привремена сметка на друштвото кај носител на платниот промет во Република Македонија”.

Досегашното решение во членот 175 предвидуваше обврска и морам да го прочитам членот за да кажам зошто не се согласувам со ваквата разлика.

“Уплата и внесување на влогови во постојниот член 175:

Пред поднесување на пријавата за упис на основањето на дрштвото во Трговскиот регистар, содружникот мора да уплати најмалку 1/3 од запишаниот паричен влог”.

“Пред поднесување пријава за упис износот на уплатата во пари не може да биде помал од 2500 евра во денарска противвредност, а непаричните влогови во целост се внесуваат пред поднесување на пријавата за упис на основање на друштвото” итн., нема да ја чекам одредбата до крај.

Сега со оваа измена, со тоа што се брише оваа обврска, а без понатаму да се направат јасни дистинкции, мислам дека се создава повеќе забуна, бидејќи ваквото немање обврска постои до сега кај трговец поединец, кај јавното трговско друштво, но тие одговараат неограничено, солидарно со сиот свој имот. Исто така, неограничено солидарно одговорност со сиот свој имот имаме и кај командитните каде што има командитори и комплементари, од кои едните одговараат, другите не. Меѓутоа, што е ова сега што се случува со друштвото со ограничена одговорност? Знам дека го поврзувате со членот 186, но мислам дека тие измени кои се внесуваат во членот 186 на крајот, каде што се додава нова реченица која гласи:”Се до плаќањето на целиот износ на паричниот влог содружникот одговара на друштвото во висина на презомениот влог во согласност со договорот”. Да, може да се постави таква одговорност, меѓутоа, ако ги гледаме одредбите понатаму, мислам дека е член 186 на Законот, има должност за уплата на влогот, каде што стои обврска од една година да се уплати влогот. Ве молам, каде може да се гарантира, со која одредба дека тоа ќе се исполни дека во рок од една година ќе се уплати влогот. Каква е правната сигурност, сигурноста на доверителите во тој рок од една година, кога не постои обврска за уплаќање на основачкиот влог, за исполнување на обврските на друштвото со ограничена одговорност. Бидејќи ако дојде до случај на извршување, во тој случај дали договорот, како што велите вие со измените на членот 186, содружникот одговара на друштвото во висина на презомениот влог. Да, тој во договорот го презема влогот, но ако не го уплатил, ако немате фактичко уплаќање на влог, од каде ќе ги исполни обврските. Мислам дека овие одредби во пракса можат да создадат хаос и правна несигурност.

Затоа, апелирам до Владата уште еднаш да ги разгледа овие одредби за да може да каже дали навистина тие се во функција на привлекување на странски инвестиции или создавање на поголем хаос, кој настојувавме во претходниот мандат да го решиме, а еве вие велите дека настојувате уште повеќе тоа да го надминете.

Исто така, не се согласувам со бришењето на членот 281, каде се бришат повластените акции на вработените и сметам дека навистина ова прашање не заслужува поддршка овде во Парламентот, затоа што досегашната повластена положба на вработените треба да постои и понатаму. Значи, тоа е членот 281 - Бесплатни акции или акции по повластена цена, досегашното решение беше дека со статутот може да се определи основање фонд од кој вработените можат да стекнат акции на друштвото бесплатно или со повластени цени, акциите кои вработените можат да ги стекнат од фондот можат да изнесуваат најмногу до една десетина од основаната главнина итн., нема да ги читам тие одредби, вие сега го бришете тоа.

Токму поради овие причини, и покрај нашата желба да ги поддржиме сите измени и дополнувања на закони и донесување нови закони кои значат прилив на странски инвестиции во Република Македонија, сметаме дека токму вметнувањето на вакви одредби кои не се конзистентни, кои во пракса можат да го нарушат она што го имаме како сигурност, СДСМ и пратениците на СДСМ во однос на овие измени и дополнување ќе гласа воздржано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Дел од дискусијата нема да повторам, со оглед дека беше соопштени, меѓутоа, ќе се обидам за еден член од законот да побарам објаснување. Се работи за членот 19, со кој се здодава нов став во членот 487. Во членот 487 од Законот се уредува прашањето за распределба на дивидендата и во членот е определено дека дивидентата се исплатува најдоцна до 1 октомври наредната година за изминатата деловна година, која во Македонија знаеме дека се поклопува со календарската година. Владата сега внесува одредба со која не во казнените одредби, туку во членовите на Законот определува казна, дека доколку дивидендата не се исплати до 1 октомври, трговските друштва на акционерите се должни да им исплаќаат дивиденда заедно со законската затезна камата до денот на исплатата на дивидендата.

Сега ќе се вратам малку наназад, некаде во октомври 2006 година, кога на едно новинарско прашање на министерот за финансии - дали е загрижен за исплата на дивидендата за 2005 година од страна на Телеком за акциите кои ги поседува Република Македонија, кои се приход на Буџетот, тогаш министерот даде една незаконска изјава, во која соопшти дека не е загрижен, бидејќи Телеком ќе мора тоа да го направи брзо,

инаку ќе тече камата на неисплатената дивиденда. Јас тогаш се чудев врз основа на кој закон министерот ја дава таквата изјава, затоа што отстапува од Законот за трговски друштва, каде што тоа не е предвидено. Таму има некои други казни предвидено за трговските друштва и нивните раководителите. Меѓутоа, сега станува јасно дека Владата, уверен сум, инспирирана од случајот со Телеком, која дивиденда колку што сум информиран до ден денес не е исплатена за 2005 година, а веќе е 2007 година и не можејќи да се справи со властите во Телеком, а доведена во непријатна ситуација, во исто време да биде сопственик и во исто време е регулатор на една иста работа, а тоа е телекомуникацискиот сектор во Македонија, има двојство од кое не знае како да излезе, особено што процесот на приватизација кој треба да го заврши во Македонски телекомуникции, за да ја извлече Владата од двојниот интерес, таа сега го продолжува, односно агонијата продолжува. Во исто време останува сопственик и во исто време се обидува со закон како Влада да го регулира пазарот на кој таа е сопственик. Затоа не беше случајна изјавата на потпретседателот на Владата, кога и покрај многуте ветувања дека Владата нема да се меша во бизнисот, некаде во јануари при посетата од страна на ММФ беше дадена во јавноста од страна на главниот преговарач со ММФ господинот Зоран Ставрески, дека Владата нема да ги продаде акциите на Македонски телекомуникации на пазарот, тие што се преостанати, а знаеме дека Владата го прекина тој процес после добивањето на изборите, од причина што очекува прво да биде исплатена дивидендата. Значи во самата изјава видовме зошто Владата не треба да биде сопственик на акции во сектори кои не се во современи системи, веќе иманентни за јавна сопственост, токму од тоа што беше соопштено - не ги продаваме акциите додека не ја добиеме дивидендата. Двојноста, од една страна сопственик, од друга страна регулатор, Владата треба да се ослободи од акциите на Телеком, меѓутоа, Владата во исто време очекува пари од Телеком. (дофрлување од страна на пратеник со зборовите: “Тоа не е точка на дневен ред”.) Точката е на дневен ред господине што дофрлувате, затоа што се работи за членот 19, каде што се работи за неисплатена дивиденда. Најголемата неисплатена дивиденда во Македонија во овој момент е токму од Телеком, чии профити достигнуваат фантастични 3% од бруто домашниот производ. Таква обезбедена монополска ситуација која Владата ја држи и понатаму нема ниту една фирма во ниту една држава во светот, ве уверувам. Ни најмоќните компании во светот како Мајкрсофт не можат да имаат профит во висина од 3% од бруто домашниот производ на нивната држава, во овој случај Америка. Тоа се фантастични суми.

Владата неможејќи да се справи со ваквата двојна улога и од друга страна, уверен сум барем во овој момент, сеуште нереформско однесување, задржување на сопственичките удели во Телеком со цел да исвлече буџетски приходи, Владата го доставува членот 19. Она во што сум уверен дека ќе се случи е, сакајќи да ги казни трговските друштва кои не исплаќаат дивиденда да плаќаат и затезна камата на дивидендата после истекот на деветиот месец, тоа е практично 1 октомври, Владата ќе ги натера трговските друштва да ја намалат дивидендата, односно да ја вкалкулираат затезната камата во исплатата на дивидендата, за да не се случи да исплатат проектирана дивиденда и на неа и затезната камата, кога ќе се доведе во ситуацијата во која се доведе Владата од 30 септември или 1 октомври наваму, сеедно.

Мислам дека ни е потребно образложение зошто Владата не ја зајакнува казнената политика кон овие компании, која се содржи во други делови во казнените одредби, туку навлегува во сфера која со исплата на дивидендата ќе исплаќа и други трошоци кои зависно од доцнењето можат да бидат неколку кратно повисоки и со тоа директно ќе ги натера акционерските друштва да ја намалуваат дивидендата на штета на сопствениците, односно да го уназадуваат пазарот на хартии од вредност, затоа што помалите исплатени дивиденди секогаш ќе носат до паѓање на акциите на сопствениците на берзата и цел пазар на хартии од вредност во Македонија ќе оди во обратна насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам.

Мислам дека ова е еден момент во кој се наоѓаме да оцениме некои работи, да бидеме реални и да ги признаеме тие работи дека дел од заложбите што ги има нашата Влада почнуаат да се реализираат со усвојувањето на овој, не знам кој по ред, закон од економската сфера.

Со измените во Законот за трговските друштва всушност вршиме приспособување и на овој дел од нашето законодавство, спорд ова што се бара од нас за да присапиме уште еден чекор поблиску до заложбата на сите нас, заложбата за приближување кон Европска унија. Токму тоа е и другиот чекор кој што ќе ни овозможи решавање на еден од најглавните проблеми кои ги имаме ние како систем, како општество, а тоа е зголемување на бројот на вработените со овозможување на влез на странски инвестиции, со овозможување на доаѓање на странски брендови, односно со подобрување на целокупната бизнисклима која е во нашето опкружување. Се сеќаваме на измените во едношалтерскиот систем и дека ќе се регистрира само за три дена, па нужни се, неопходни се потреби, дури мислам дека требаше прво ова да го направиме, за да можеме да пристапиме кон измена на тој закон. Тоа се работи кои сакале или

не мораме да ги признаеме и кон кои мораме да се стремиме сите ние.

Во конкретниот случај би се задржал на дел од Законот за работите кои тој ги регулира, односно она што не беше опфатено во претходниот закон сега се опфаќа. Имавме многу неправилности и би се задржал на неправилностите во делот на малите акционери, кои едноставно беа бркани и не им беше дозволено да вршат увид во потребите кои ги правеа големите акционери, едноставно дури не ги пушта до вратата. Сега со овој закон се овозможува било кој да побара документација, Законот децидно кажува дека треба да му се фотокопира онаа документација, Централнот депозитар за хартии од вредност треба да му ја фотокопира и стави на увид онаа документација што ќе ја побара. Тоа значи дека не можат веќе да се јавуваат случаи вратите да бидат затворени, туку било кој да побара ќе може да влезе.

Понатаму, би се осврнал на тоа дека се укинува можноста, она што беше злоупотребувано, да се формираат фондови заради зголемување на учеството на самите први луѓе во претпријатијата. Со тоа беше дозволено фактичкли на вештачки начин, односно од средствата на претпријатието да си го зголемат своето учество оние кои имаат право на тоа.

Исто така, би се осврнал и на тоа дека овие барања се поддржани со барањата кои ги имаме секојдневно во разговорите со Светската банка, односно би повторил тоа се барањата кои треба да бидат направени за да го поминеме тој чекор во овој дел за побрз пристап кон европското семејство. Само на тој начин можеме да го гледаме, а не да го гледаме како едностран интерес, дали се работи за конкретниот случај што беше минатата година за дивидендата од телеком, дали ќе се работи за некоја друга таква голема компанија, но треба да знаеме дека овој закон важи за секоја, поаѓајќи од најмалото трговско друштво кое е составено од еден-двајца вработени, па до најголемите компании.

Со ова би завршил. Би порачал на сите колеги од мнозинството и од опозицијата дека така треба да се усогласуваме, така треба да работиме, да помогнеме и сите заедно да се стремиме кон нашата заедничка цел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата имаме доволен број на присутни пратеници ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник.

Гласале 56 пратеници, за гласале 48, воздржано гласале 8 и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Ве повикувма да гласаме.

Во салата има 61 пратеник.

Гласале 56, за гласале 49, воздржано 7 и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлоготна оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Претседателе јас би сакал да добијам од Владата прецизно толкување во врска со член 19 од законот.

Со оглед дека законот влегува во сила осмиот ден од објавувањето, освен една одредба која е дека ќе се применува од 2012 година дали значи дека новиот став 5 кој се додава ќе се применува на досега неисплатените дивиденди, или ќе се применува на дивидендите од 2007 година натаму што ќе се исплаќаат во 2008 година.

Дали значи дека заостанатите дивиденди од 2005, 2006 година трговските друштва ќе треба веднаш да пресметуваат затезни камати, бидејки ќе важи за деловната 2007 година, а децидно во одредбите за спроведување визави оваа обврска како ќе бидат спроведувањата би сакал од Владата да добијам објаснвување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Игор Иванов бара да се провери дали има 61 пратеник во салата, со оглед на тоа што дека претставникот на Министерството за економија не одговори на поставеното прашање).

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салта во моментот на гласање имаше точно 61 пратеник.

Гласале 51 пратеник, за гласале 44, воздржани 6 и против 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Предлагам претпладневната сесија да трае до 13,00 часот заради повеќе протоколарни обврски. Паузата ќе трае од 13,00 до 15,00 часот, а во 15,00 часот редовно ќе си продолжиме.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комсија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Почитувани пратеници, станува збор за мала измена, но која е суштинска во Законот за хартии од вредност и тоа во делот на дефиницијата за приватна понуда.

Законот за хартии од вредност онаков каков што е сега ја дефинира приватната понуда како понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност која е упатена на не повеќе од 20 лица поединечно именувани во актот за издавање на хартии од вредност, или само на институционалните инвеститори.

Анализата на состојбата на пазарот од хартии од вредност во Република Македонија покажа дека се повеќе се присутни случаи каде што надворешни инвеститори, оние кои што не се акционери, не се постојни акционери не можат да купат нови акции од нова емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда. Вака дефинираната приватната понуда акционерските друштва ја користат за издавање на акции ексклузивно само за постојните акционери.

Со измената што се предлага се ограничува можноста на постојните акционери во акционерските друштва да купат од новите акции односно новата емисија на акции и ќе се овозможи тоа да може да го направат надворешни инвеститори кои се заинтересирани да инвестираат во хартии во вредност во компаниите кои издаваат хартии од вредност по пат на приватна понуда.

Исто така со измените во овој Закон се предлага усогласување на казнените одредби со Законот за хартија од вредност со одредбите од Законот за прекршоци во делумно дефинирање на висината на прекршоците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за хартии од вредност.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Господинот Сулејмани и господинот Матоши се тука.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Бидејќи имаме доволен број на пратеници, ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето имаше 61 пратеник во салата и вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 50, воздржано гласале 10, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, гласале 57, за гласале 50, воздржано 7, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, гласале 58, за гласале 50, воздржано 8, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за хартии од вредност.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави заменик министерот за образивание, господинот Јован Лазаров. Повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници.

Пред вас имате Предлог за измени на Законот за средно образование, со Предлог на закон. Измените се однесуваат на член 114 за пролонгирање на терминот на отпочнување на примената на одредбата за реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит за учениците во средното образование, односно нејзиното започнување со примена од учебната 2007 - 2008 година.

Причините за пролонгирање на терминот е заради неусогласеноста на наставните планови и програми, според кои се образуваат учениците од завршната година во средното образование во учебната 2006/2007 година, со веќе изготвените испитни прашања од државната матура, училишната матура и завршниот испит, што би предизвикало добивање на нереални резултати на знаеча на учениците, доколку се примени член 114 од Законот за средно образование.

Според досега донесените одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, кои се однесуваат на оваа проблематика, учениците спротивни на нивните легитимни очекувања не дознале за воведување на државната матура, училишната матура и завршниот испит, при запишувањето во средното образование. Истото не е во согласност со Уставот во однос на правната сигурност како елемент на принципот на владеење на правото, како и во однос на уставната забрана за повратно дејство на законите и другите прописи.

Имено, доколку сега би полагале учениците матура, а тие се запишале според еден наставен план, ние сме должни да им обезбедиме на учениците да завршат образование според оние услови, според кои тие и се запишале. Во овој период се вршат дополнителни проверки на постапката за изведување на државната матура, училишната матура и завршниот испит, проверка на инструментите, со кои се врши оценување на знаењата на учениците од овие испити, како и дополнително обучување на наставниците, за успешна реализација на државната матура, исто така, во овој период Министерството ги зголеми активностите меѓу учениците во средното образивание за промоција на државната матура која треба да се полага од наредната учебна година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Пред се наоѓа Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Герамитчиоски, се извинувам, имаме уште 15 минути до 13,00 часот, дали ќе завршите?

**Тале Герамитчиоски:** Ако не завршам, ќе продолжам после пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, можам да ве прекинам во 13,00 часот, ваш е изборот.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** За 15 минути не можам да завршам.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш, ќе ја продолжиме седницата во 15,00 часот, со збор на господинот Герамитчиоски.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,31 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со Седмата точка на дневниот ред.

Има збор пратеникот Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Значи пред нас се наоѓа предлог за изменување на еден член од Законот за средното образование кој што имплицира за последица одложување на матурскиот испит кој што беше предвиден во постоечкиот Закон за средното образование како измена на еден член во кој што се дефинира дека броевите 2006/2007 година се заменуваат со броевите 2007/2008 година, значи одложување за една година.

На почетокот дозволете да искажам една наша заедничка констатација иако станува збор за навидум многу кратка измена на еден закон, ова е благо речено една силна популистичка тенденција на Владата да сопре една претходно добро развиена реформа на средното образование. Овој е еден популистички процес повлечен под импресија на група на ученици без доволно да се добиваат релевантни информации и сознанија, анализи што е досега направено, што треба да се направи, кој програмски документи кои ја тангираат оваа проблематика се направени, дали тие можат да се имплементираат, дали не можат да се имплементираат и претходно да се донесе една зрела одлука. А што добивме ние? Во јавноста видовме дека премиерот во една посета на една општина под импресија на случувања во неколку средни училишта каде што група ученици силно протестираше дека не биле до крај информирани за овој снажен реформски процес. Инсистираа да бидат изземени иако според Законот оваа година требаше да започне со имплементација на државната матура. И даде изјава која што благо речено голем дел на јавноста која што ја следи оваа проблематика беа шокирани, зошто премиерот си зема за право да даде информација, односно да даде оценка, проценка и најава за нешто, кое што е регулирано

со закон, а потоа да се покренат механизмите на промена на тој закон за да се имплементира заложбата на премиерот. Можеби звучам престрого во оценките, но дозволете да ги елаборирам овие констатации.

Прво, зошто станува збор за силен реформски зафат, за механизам ненадоместлив во процесот на развивање на квалитетот и контрола во средното образование. Реформите во средното образование во Република Македонија започнаа 1995 година со донесување на тогашниот нов Закон за средно образование. Веќе поинтензивни припреми во 1997 година се донесоа првите програмски документи. Значи, програмска структура за средно образование и образовни профили за средното стручно образование. Неопходни програмски документи за да започне имплементацијата на нови програмски содржини и зафати во средното гимназиско образование и средното стручно образование.

Веќе во наредната 1999 година започна со нова програма во средното стручно образование според таканаречената, ФАРЕ ТЕМПУС програма во која што беа опфатени одреден број на училишта со нови програмски содржини. Целта на таа ФАРЕ програма во средното стручно образование беше да се зголеми бројот на часови од практичната настава и обука виза ви теоретската настава, која што беше посилно изразена компонента барем по оценката на европските експерти и стручњаци, кои што тогаш навлегоа во процесот на реформските зафати со силна и материјална и експертска помош.

Во 2001 година тој процес започна во гимназиското образование со носење на новите наставни планови и програми во гимназиското образование. Ова можеби звучни историски предалеку, но би сакал да ја искажам добрата намера да не елаборирам тези дека се почнало од нас. Напротив, реформските процеси во средното образование веќе 12 години се одвиваат, имаат свој почеток, имаат свои падови и подеми, имаат свои слабости, позитивни страни, но имаат и одредена динамика на активности зацртана во сите оние стратешки документи и Националната програма за развој на образованието по кој што следи еден логичен сплет на околности и секое изместување од таа воспоставена динамика може да предизвика подолготрајни последици.

При изведување на тие реформски процеси и зафати, јавноста секогаш преку разни институционални форми посочувала за големите слабости кои што се јавуваат во системот на средното образование во делот на оценувањето. Секогаш поединци, групи, институции преку јавни дебати или написи во весниците кажувале дека нешто не штима во оценувањето, дека нешто не штима во квалитетот на изведување на наставата и дека има страшен дебаланс, односно неурамнотеженост на квалитетот на спроведување на воспитно-образовниот процес и уште повеќе во оценувањето по одделни региони во Република Македонија. И дека тоа секогаш се отсликува, тогаш кога се јавуваат конкурсите за запишување во високото образование. Секогаш, универзитетскиот кадар се правдал со приемните испити дека не до крај е убеден во квалитетот на воспоставениот систем на оценување, односно проверката на знаењата на учениците и мораат преку приемните испити да воспостават свој интерен систем на проверка на знаењата, за да можат да направат соодветни вреднувања и да дадат статус на студент во вискообразовните институции. Логично, тие проблеми не се од вчера. Натрупувани се со години наназад и логично се јави потреба од изнаоѓање на еден механизам во кој што ќе се воведе централизиран, екстерен систем на контрола на оценувањето изразен преку институцијата државна матура. Не дека порано државната матура не постоеше како инструмент. Некој од нас повозрасните, полагале училишна, односно државна матура, но верувајте, по содржина, по начин на изведба и во крајна линија по целите и придобивките кои што ќе ги добиеме со воспоставување на тој механизам во Република Македонија ве уверувам дека единствениот начин на усогласување со европските критериуми, односно со легислатива од оваа област.

Дозволете само во најважниот програмски документ, во концепцијата на матурата, да ви прочитам кои се целите.

Прво, подигање на квалитетот на средното образование, следење и контрола на реализација на наставните програми, засновани на образновни стандарди на државно ниво.

Стекнување диплома за завршено средно образование, со заокружување на образованието со испит.

Селекција за универзитетско образование, информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигање на учениците добиени преку валидни веродостојни мерења.

Овој механизам, овој инструмент, кој што го нуди оваа, да се изразам, научна област во делот на педагогијата беше потенцирана и преку други програмски документи, кои што Република Македонија мора да ги почитува. Како што е Болоњската декларација во високото образование, така и Лисабонската конвенција и принципите од Копенхаген не условуваат да направиме национална рамка на квалификации во кои што неминовно е да се употребува механизмот на државата матура за воспоставување на контролниот пакет на дејствија во воспитнообразовниот процес во средното образование.

Значи, првата гарнитура што беше обврзана согласно со европските реформски зафати да ја започне оваа активност беше министерот, односно Министерството во периодот од 1999-

2000 година,се соочија со проблемот, дури беше земен кредит од холандската Влада во висина од 6,5 милиони евра, во кои што беа понудени и грантови и стручна помош од сите од Фондацијата, да се започне тој процес. Тогашниот министер го започна тој процес, формира државна матурска комисија и започнаа некои активности.

Имајќи ја предвид сложеноста на целиот овој механизам, за кој што верувајте, јавноста ни 10% не знае, а овде имам еден куп документи во кои што направени се тие процеси како се остварува механизмот на воспоставување на државна матура и секој процес се состои од десетина потпроцеси. Јасно е и разбирливо е, зошто во еден краток временски период само се воспоставиле механизмите, подлогите за натаму да се продолжи.

Од 2002 година се продолжија тие активности посилно изразени. Значи се воспостави потреба од институционална поддршка на овој процес. Тоа налага преструктуирање на бирото за развој на образованието, кое што дотогаш имаше одделение за оценување и беше одлично јадро за да се започне процесот на напредок.

Во тоа одделение, морам да признаам, на говорницата излегов само од почит према тие професионалци кои што работат таму. Тргнете го настрана трудот на тогашната гарнитура на политичари колку повеќе или помалку биле вклучени во тој процес. Тргнете го настрана нашиот труд и нашите заложби. Ние не сме важни, но од почит према тие луѓе кои што работеа по десетина часа дневно на оваа проблематика и изработија доста и ќе ви посочам преку оваа елаборација што се сработија, ќе видите дека е страшен грев да се одложи ваков процес, бидејќи ќе предизвика несогледливи последици.

Таа институционална поддршка налагаше да се започне градба на центар за испитување и оценување. Центар за испитување и оценување требаше да биде проектиран по примерот на европските држави, кои што веќе ја имплементирале државната матура во својот процес. Беа направени неопходни посети од тие професионалци. Беа направени неопходни консултации со повеќе експерти. Беше добиена стручна помош, како да се проектира тој државен испитен центар. Беа изнајдени простории соодветни кои што, само за јавноста да посочам, дека треба да бидат во рангот на една банкарска институција, државен трезор, од строга доверливост, со посебно чувани простории, во кои што треба да биде контролиран влезот и излезот на поединци, бидејќи ќе се чуваат материјали од строго доверлив карактер во рангот на хартии од вредност. Беа обезбедени средства за купување на посебна печатница, која што ќе ги печати тестовите. Беше купена посебна опрема со бар кодови и оптички читачи за читање при самиот процес на проверка на тестовите кога ќе завршат. Беше купена неопходната информатичка опрема, која што ќе го следи до крај овој процес по примерот на сите европски држави, кои што го восоставиле тој систем. Беше извршена потребна едукација на професионалниот кадар вработен во оделението за оценување. Колкави компетенции и знаења имаат тие луѓе, само да ви соопштам дека од СИТО фондацијата се ангажирани како експерти за трети земји Ерменија, Азербејџан и други земји од Блискиот Исток, во кои што како експерти се ангажирани во процесот на имплементација и набљудување на реформски процеси, строго финансирани од Европската унија. Значи, имаме експерти чија што заслуга зошто сме дојдени овде е од примерно значење. Тие носители на овие активности, за жал, повеќе во Министерството ги нема. Не работат повеќе во Бирото за развој на образованието. Како експерти си го најдоа своето место надвор, во Светската банка во УСД. Не навлегувам во оценки, во проценки од личниот потег, но јас знам дека и тогаш имаа добри понуди да го напуштат Министерството, но беа ентузијасти и сакаа да придонесат за својата земја да го видат на дело нивниот ангажман како ќе се имплементира овој сложен процес. И навистина, ентузијастички работеа на тоа.

Второто ниво на кое што беше потребна припремата се училиштата. Образложенијата кои што ги добивме за одложување на матурата се дека училиштата не биле до крај припремени.

Јас сум почитуван колега, спремен да ви докажам со документи тука кои што ги има дека беа организирани од 2004 година наваму три големи работилници во Клубот на пратениците во кои што можам да ви ја прочитам листата на сите учесници од сите училишта кои што беа повикани и беа на широко елаборирани основните процеси на имплементација на државната матура содржани во концепцијата на државната матура, како основен програмски документ, подзаконски акт кој го регулира процесот на имплементација на државна матура.

Јас сум подготвен да ви докажам дека во три наврати таа концепција и сите оние динамички планови на активности, со позитивни и негативни страни, можни прашања и слабости, беа печатени во Просветен весник и беа бесплатно дистрибуирани до секој наставник. Беше печатен флаер со кратко упатство, на три јазици и до секој ученик беше доставен. Тоа можете да го проверите. Беа поканувани во неколку наврати Унијата на средношколци каде беше дебатирано, значи во гимназијата "Раде Јовчески Корчагин", "Јосип Броз Тито", во внатрешноста на државата, јас сум присуствувал во Струмица, во Прилеп, во Битола, каде на отворени дебати со учениците им ги објаснувавме придобивките на имплементација на државната матура и што тоа за нив значи. Им објаснувавме дека не им паднало на памет и на Положани и на Герамитчиоски да воведуваат вакво нешто, дека основниот инструмент и

основниот услов нивните дипломи да бидат признавани на европскиот простор, да се осетат дел од европското семејство е државната матура, имплементација на државната матура. Никој нема илузии дека тоа ќе одеше мазно, беспрекорно. Никој немаше илузии дека ќе има голем отпор од страна на учениците, никој немаше илузии дека родителите, во нецеоосната информираност, ќе кренат власт, плешејќи се дека нивните деца ќе бидат дополнително оптоварени со уште една серија на испити. Тоа како слабост беше воочено.

Да ве потсетам, Република Бугарија која далеку пред нас беше со овие процеси, зема еден кредит во висина од 10 милиони долари за имплементација на државната матура во 1997/1998 година. Пред самиот крај на подготовка на овие процеси кои успешно беа набележани од страна на кредиторите, мораше во последен момент да се откаже од слични вакви притисоци кои сега во Република Македонија се случија. Јас верувам кога ќе дојде ново раководство во Министерството, кога ќе дојде нова влада дека им треба период на адаптирање и запознавање со досегашните процеси. Јас имам разбирање, до колку тоа не се случи наеднаш. Но, јас немам разбирање да не се проучат претходните процеси, да не се види до каде се стигнало, да не се консултирате со претходниците, што е позитивното а што е негативното, за доброто на земјава да се закопаат суетите длабоко во земја и да се донесе соодветна одлука. Паушално да се излезе без дополнителни информации, на телевзија, па макар и да сте премиер со најголема одговорност на тековите на развој во сопствената држава и да кажете констатација која потоа не можете да ја повлечете, мора да биде поткрепена со соодветни факти, тогаш сите ние треба да се загрижиме.

Само за информација. И ние сме биле опозиција и ние сме критикувале како Новковски правел вака или онака. Но, ние како гарнитура сме го повикале господинот Новковски и сите претходни други министри за образование, во претходните влади, на почетокот да се консултираме, да слушнеме совет од нивна страна да видиме што ќе кажат и никогаш не сме го негирале тоа што тие го направиле и не сме кажувале дека се почнува од нас, се треба да се закопа, дека ништо не чини, ние сме најпаметните и од нас почнува се од почеток. Тоа е погубно. Тоа е процес што Република Македонија постојано ќе оди со чекор напред и со 10 чекори назад. Тоа нема да му носи добро на овој народ. Можеби на почетокот ќе донесе популистички поени, зголемување на рејтингот, но реформите не се безболни. Не можат да бидат ниту добро прифатени, бидејќи по дефиниција предизвикуваат губење на права на одредени институции или интереси на поединци или групи. Реформите по правило секогаш се болни и секогаш владеачката гарнитура треба да ги изведе на свој грб. Сега, имате поддршка од опозицијата која би ги продолжила реформските процеси, еве ние ги започнавме, би ги продолжила реформските процеси, не сакате да се консултирате, не сакате да ги видите позитивните резултати, не сакате да ги почитувате резултатите на професионалниот состав во Министерството. Еве барем нив повикајте ги и прашајте ги.

Можам да ви докажам колку училиштата биле или не биле информирани. Информацијата никогаш не е доста. Прашање на вкус е. Секогаш ќе ви најдам некоја закачка да објаснам дека не до крај биле информирани.

Овде пред мене е една цела стратегија која ви ја оставивме-државна матура, информативна кампања, како тоа да се спроведе во јавноста. Знаевме дека главниот недостаток и најслабата карика е јавноста и учениците, дека треба да се насочи целокупната енергија кон нив, да им се објасни што е бенифитот на оваа постапка. Знаевме и ви оставивме еден програмски документ, Во соработка со “Просветен работник” го направивме. Дури обезбедивме средства кампањата да биде промовирана од посебна професионална куќа која ќе се занимава со тој процес.

Откако институционално се оформија потребните форми за поддршка на овој процес, се усвоија од страна на Државната матурска комисија, а потоа како подзаконски акт беа публикувани неопходните програмски документи, правилник за изведување на матурата и концепција. Концепцијата на државната матура е Уставот на овој процес. Внатре се набележани сите детали. Внатре е набележано целокупното подетално објаснување на процесот на матурата, како тој треба да се изведе, кои се облигаторните односи на учесниците во проектот.

Најважното нешто е што овој програмски документ и процесот беше постојано под мониторинг на Европската Унија која ја задолжи СИТО институцијата од Холандија која е една од најреномираните во Европа. Тие дојдоа и кажаа дека процесот е одлично осмислен и укажаа на слабата карика заради можна слаба поддршка од јавноста, обмислете на кој начин поуспешно да се имплементира овој механизам. Тогаш се осмисли посебниот динамички план. Ова е суштината на моето излегување на говорница во кое ќе ви ја побијам вашата заложба да го одложите овој реформски процес, бидејќи ја нарушувате оваа динамика која ќе предизвика подолготрајни последици по имплементација на овој важен реформски процес. Значи, ние први од сите земји кои до сега имплементирале механизам на државна матура воведовме етапно или повеќециклусно вклучување на екстерното оценување. Државната матура е предвидено да се одвива во четири фази:

Првата фаза која требаше да почне од јули, за генерацијата 2006/2007 година. Значи наставни предмети кои ќе се полагаат екстермно се мајчиниот јазик и еден изборен предмет, математика или странски јазик, по избор на

ученикот. Другите предмети, во задолжителниот дел и проектната задача или стручниот испит кај средното задолжително образование, ќе се изведува интерно, од страна на наставниците во училиштето. Почитувани колеги, тоа не е ништо ново. И до сега со постојните законски решенија се полагаше училишна матура. Државната матура само го зголемува обемот, согласно со европските стандарди.

Веќе наредната 2007/2008 генерација, требаше да оди другата фаза. Значи покрај задолжителен предмет, мајчин јазик, македонски, албански и турски јазик, и покрај математика и странски јазик, да се вклучат изборни предмети, социологија, историја и физика.

Во третата фаза, во наредната 2008/2009 генерација, уште биологија и хемија да се пркклучат, како екстерни, како дел на изборната листа која се содржи во концепцијата.

Значи, целокупниот процес етапно требаше да заврши до 2009 година. Никој немаше намера, од самиот почеток да ги оптовари учениците, имајќи ја во предвид можноста од слаби резултати.

2006 година беше година на пилотирање. Пилотирањето беше со цел, не да се добијат добри резултати, резултатите беа воопшто неважни. Слушам дека се расфрлате со негативни резултати кои би се добиле со пилот матурата. И да е точно и да не е точно, ирелевантно е за самиот процес. Погубни се резултатите од друга приина. Докажуваат дека со години наназад постојат евидентни слабости во системот на спроведување на контрола на воспитно образовниот квалитет при имплементација на наставните планови и програми, постојните, во различни региони во Република Македонија и уште повеќе, контролата на квалитетот покажува поразителни резултати дека имате невоедначен систем на оценување на територијата на Република Македонија. Токму заради тоа постои матурата, да ги покаже на виделина тие негативности, бидејќи тоа е инструмент со кој треба да се отстрануваат постојано слабостите на воспитно образовниот процес, да се отстрануваат слабостите евидентирани во проектирање на наставните планови и програми, кај надлежните институции, кај Бирото за развој на образованието. Какви показатели ќе имаат советниците до колку не добијат евидентни показатели од теренот, показатели кои ќе бидат непристрасни, показатели кои ќе бидат исти на територијата на цела Република Македонија. Затоа е централизиран екстерен испит. Овој процес чини многу пари.

Јас не би сакал да го злоупотребам вашето внимание, да ви ги прочитам финансиските конструкции кои се тука пред мене, колку секоја година чини. Најголемиот, лавовскиот дел веќе го завршивме со воспоставување на Државниот испитен центар, опремата која чини многу пари, едукацијата на луѓето која неповратно ја изгубивме. Џабе вложувавме во нив. Ги нема повеќе. Сега треба повторно да се вложува за дополнителна едукација на други луѓе.

Мене ми е жал што не е примерно од моја страна да ги прочитам имињата на тие луѓе, професионалци, од причини што можеби погрешно тоа ќе го сватат или од страв, или од некои други причини дека на нив нешто негативно ќе се реперкуира. Но, за почит е нивната работа. Тие сработија нешто кое јас не можам, имајќи го предвид карактерот на работата, а сме го елаборирале преку презентации во другите центри во Република Македонија. Каков сложен механизам е државната матура и какви се внимателни потези треба да се влечат. Но да се каже дека не се вложиле максимални напори, дека не е подготвено, баш резултатите од полотирањето покажаа дека професионалците до крај доследно ги спровеле сите дефинирани активности кои го дефинираат механизмот на имплементацијата на државната матура, од печатењето на материјалите, од пакувањето на материјалите, од дистрибуцијата, истовремено, на материјалите до секое училиште, од истовремено започнување на процесот на полагање на државната матура, од составувањето на прашањата. Дали биле тешки или лесни, ирелеватно е. Сега се штелуваат механизмите на имплементација. Проверете што кажуваат стручњаци. Никогаш не можете во првите пет години да го дефинирате долниот и горниот праг на пропустливост, оној дијапазон во кој ќе ги оценувате тежината на прашањата согласно со амбиентот каде што тоа го спроведувате. Не постои во науката дефинирана област. Тоа треба индивидуално секоја држава, согласно со своите услови и со својот развој на образовен процес, стадиум на развој на образовен процес, да си го пронајде самата. Овие показатели кои покажаа одредени слабости, јас многу добро ги знам кои се резултатите. Многу добро ги знам. Требаше да покажат дали пишувачите на текстовите, комисиите составени од универзитетски професори и истакнати просветни работници, долго време ангажирани со соодветни резултати во воспитно образовниот процес во средното образование кои ги составуваат тие тестови, погрешиле или не. Прагот лесно се штелува. Процентот на поминливост или кредитите, лесно се штелуваат. Според добиените сознанија, тоа е најмалиот проблем. Проблемот е да се задржи објективноста и верба во механизмот, а верба ќе има кај сите во сите градови до колку видат дека истовремено ги добиле тестовите, дека не се пробиени, дека секој истовремено прв пат ги гледа тие тестови, дека еднакво добиваат шанса исто време на полагање на тој тест, дека за кратко време од два часа ќе ги добијат резултатите на тие тестови, дека транспарентноста ќе биде објективна и до крај задржана. Тоа е целта на пилотирањето. Ако поинаку се сфатело, тогаш се немаат сознанија и информации од експерти. Еве јс не се сметам за

експрет во таа област, да ви олеснам, но по сила на нештата сум учествувал во тие процеси, сум видел што експертите кажуваат и сугерираат, сум видел на дело како се реализира овој процес во други европски држави, на дело и сум видел дека треба да бидеме горди со пилотирањето во 2006 година, па и со резултатите. Во Полска на пример ни кажаа дека добиле далеку полоши резултати, земја од над 50 милиони жители со 700 илјади наставници, добиле далеку полоши резултати во првата година отколку ние сме ги добиле.

Значи, резултатите не се релевантни, не се нешто кое треба во моментот да не загрижи за механизмот, а треба да не загрижи како во минатото се правеле напори за да се подобри квалитетот на образовниот труд.

Ова е инструмент кој ги покажува сите негативности на виделина. Ако сега го одложите ова, а ќе го одложите, правите пробив на веќе започнатата динамика. Мене ми е жал што морам да бидам саркастичен, но јас најавив, за жал, бев службено отсутен на времето кога се даваа амандмани, јас ќе предложев оваа Влада да ја одложи матурата до 2010 година, бидејќи не поседува ни политички ни стручни капацитети да спроведе еден ваков сложен механизам наречен државна матура. Нека почека јавноста да се врати СДСМ на власт до крај да ја имплементира оваа заложба.

**Бесим Догани:** За реплика е пријавен заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Со сиот респект и почитување на целата дискусија.

Во многу делови каде почитуваниот пратеник искажа респект спрема стручните лица, експертите, подготовката, истото го мислам и јас, меѓутоа, сакам да кажам само две работи кои тој ги знаеше многу добро и беше должен да ги каже, а не ги спомна учениците и не ги спомна одлуките на Уставниот суд. Не спомна дека учениците треба да полагаат матура по исти прашања, а по различни наставни програми во средните училишта. Така на пример по англиски јазик треба по исти наставни планови односно прашања да полагаат ученици кои слушаат два часа неделно предмет и ученици кои слушаат три часа неделно. Ќе ми дозволите, тука не се рамноправни учениците, мора да се усогласат наставните планови и програми во средните училишта со наставните планови и програми на испитните прашања.

Второ, не објасни зошто Уставниот суд им ги поништи правилниците за полагање на матура, еве ќе прочитам една реченица:

Уставниот суд донесе одлука со која ги укина овие правилници со образложение дека истите се донесени во февруари 2005 година така што учениците, спротивно на нивните легитимни очекувања, дознале за промените три месеци пред полагање на матурските испити. Судот оцени дека правилниците не се во согласност со Уставот односно правната сигурност како елемент на принцип на владеење на правото како и во однос на уставната забрана за повратно дејство на законите и другите прописи.

Оваа Влада ќе ја спроведе матурата од идната година како што е зацртано, за тоа прави многу сериозни подготовки, нормално испитниот центар го доекипираме, за некој ден ќе биде целосно доекипиран, отидоа тројца, меѓутоа, сега ќе примиме четворица.

Во овој момент ги усогласуваме сите наставни програми и на предметите и на испитните прашања кои се за државната матура. На есен ќе направиме пробно тестирање, не пилот матура, за сите ученици кои ќе полагаат матура идната година. Сега сме веќе во училиштата, ја објаснуваме матурата, ги објаснуваме принципите на матурата и ќе ги објасниме уште сега за идната година за сите ученици. Сите ученици кои ќе полагаат идната година ќе си ги знаат своите обврски уште сега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам .

Контра реплика од една минута за Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Морам да излезам на говорница по однос на втората забелешка да покажам испитни програми подготвени по хемија и биологија. Тоа се за училишна матура, за државна матура само како примероци, а еве за средното стручно образование од 2003 година. Дистрибуирани се до училиштата. Тоа се слабостите на нашата мрежа, треба да ги натераме самите училишта да ги прифатат овие програмски документи. Слабостите се воочени за првото.

Видете, до крај прочитајте зошто Уставниот суд поништи. Поништи од слабата правна формулација од страна на правниците во Министерството. Значи, Уставниот суд само даде забелешка не за концепцијата зошто не сте се врзале за Законот за средно образование годината од кога ќе почне, а не да се врзете за студиски програми. Тоа беше забелешката на Уставниот суд, немаше други забелешки.

**Бесим Догани:** Има збор Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас е Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за средно образование, со Предлог на закон.

Измените кои се предлагаат се во членот 114, а се однесуваат на пролонгирање на терминот на отпочнување на примената на одредбата за реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит за учениците во средно образование со започнување на примената од учебната 2007-2008 година.

Од почитуваниот заменик министер ги слушнавме причините и потребата од донесување на една ваква измена во Законот за средно образование кое во суштина значи дополнителен период за подготовка за успешна реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит.

Во овој период, како што изнесе заменик министерот, вели дека би ги извршиле дополнителните проверки на постапката за изведување на државната матура, училишната матура и завршниот испит, проверка на инструментите со кои ќе се врши оценувањето на знаењата на учениците од овие испити, како и дополнително обучување на наставниците и вработените во Министерството за образование и наука.

За успешна реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит ќе ги зголемат активностите меѓу учениците во средното образование за промоција на истите.

Почитувани колеги пратеници, се разбира дека добрата подготовка на било која активност е основен предуслов за успех. Додека секоја неорганизираност, некоординираност и импровизација е сигурен предуслов за неуспех. Универзалноста на оваа теза е одамна проверена и сите ќе се согласите дека е навистина така. Единствено останува да се покаже дека таа теза важи и за потребата од пролонгирање на терминот на отпочнување на примената на одредбата за реализација на државната матура, училишната матура и завршниот испит за учениците во средното образование со што би почнала од учебната 2007-2008 година.

Јас немам дилеми околу потребата за полагање на овој испит. Таа е потребна и важна. За учениците важноста на овој испит е животна, бидејќи го определува нивното натамошно образование односно влезот во образовниот систем на факултетите.

Во 2004 година Собранието на Република Македонија донесе Закон за заем од 5.000.000. денари од Светската банка. Пари наменети за проект за модернизација на образованието. За истиот проект добиени се 10.000.000 евра донација од Владата на Кралството Холандија и со 3.000.000 американски долари учествува и Владата на Република Македонија. Меѓу останатото во обврска на проектот е и дел кој е наменет за државната матура. Раководителот на проектот подготвува извештаи за напредокот на проектот за Модернизација на образованието и од неговиот 4-ти извештај за активностите во делот на техничката помош на Секторот за испити на Република Македонија за период март 2006-ноември 2006 во кој се наведени целите на трите главни задачи на проектот кои гласат:

Прво, дека треба да воспостави валиден и вредносен систем на екстерни испити за матура.

Второ, да обезбеди валидни податоци за постигање на учениците.

Трето, да им дава помош на корисниците на образовните услуги да вршат евалвација на квалитетот на образованието во училиштата во поглед на напредокот на учениците, според одредени стандарди преку пдобрено училишно оценување.

При оценувањето на овие активности, што биле во рамките на Проектот за модернизација на образованието, наведени се и некои од заклучоците, меѓу кои стои и следново:

Прво, дека треба да се ревидира организирањето и контролата на квлаитетот во процесот на двојно оценување. На оваа проблематика треба да се посвети натамошно внимание и да се прифатат нови процедури што би избегнале двојно квази оценување.

Второ, се чини дека процедурите за воспоставување стандарди, базирани врз податоци не се добро разбрани од Државниот матурски одбор кој, меѓу другото, да напомнам дека е Државен матурски одбор оформен од министер, а во тоа време господинот Азис Положани и тој истиот е одговорен за тоа. Ова води кон одлуки за стандарди што не се коегзистентни со расположливите квалитативни и квалитативни информации.

Исто така биле дискутирани начините за идното презентирање на податоците на Државниот матурски одбор. Како што и претходно, почитуваниот колега истакна, дека само 10% од сите активности се дадени во јавноста и јавноста е информирана за сите останати, го прашувам зошто тоа до сега не го направил? Зарем не чувствувал обврска дека треба учениците, јавноста и родителите, наставниците, училиштата да бидат целосно информирани за се што се случува во рамките на Државната матура.

Трето, различните фактори претставуваат тешкотија во интерпретирањето и користењето на податоците од заедничките теми за да се изедначат испитите по трите мајчини јазици. Беа дадени сугестии како може да се подобри ваквата ситуација во 2007 година, бидејќи пилот матурата е изведена само по предметите мајчин јазик, македонски, албански и турски јазик со литература. За тоа се оденсуваат и овие завлешки на овие три предмети.

Четворто, останува ограничен капацитетот на Секторот за испити да подготвува, спроведува и процесира испити од голем обем и со висок влог.

Ова, особено се однесува на информатичката технологија и на одделението за администрирање и логистика. Раководниот тим на Секторот за испити треба да бара начин за зајакнување на постојниот кадар во ова подрачје. А, според моите сознанија, само еден човек се занимава со софтверското програмско сервисирање, работа, опслужување, работење во целиот Сектор за испити.

Петто, како клучен приоритет останува развојот и имплементацијата на информацискиот систем во

наредниот период. Треба да се тестира новоразвиениот информатичко-технолошки систем.

Во делот на проблематиката, согледувањата и препораките, наведени се петте важни проблематики и импликации од можните главни ризици при воведувањето на државната матура. Јас би ги навела сите пет, затоа што се исклучително важни и затоа што препораките се конкретни, со нагласок на можни големи ризици, доколку се продолжи со воведувањето на матурата на овој начин и на овој степен како што е тоа направено.

Првата проблематика вели развојот на информатичката технологија, систем за логистика и администрирање. Дадени се согледувањата и препораките во кои се вели успехот во втората фаза од стилот државната матура ќе зависи во голема мера од благовремениот развој, тестирање и примена на опремата и на модулите за софтверот.

Овој елемент претставува подеднакво и како главен ризик интерен, внатрешен и како главна закана екстерен за воведувањето на матурата во 2007 година.

За сите овие работи за кои досега зборуваше почитуваниот колега во однос на тоа како се проверуваат или како се имплементираат технички овие тестови, тоа значи дека веќе раководителот на проектот ги оценува како главен ризик поради не добрата екипираност и опременост на овој сектор за испити.

Во втората проблематика, кадровска екипираност, согледувањата и препораките се клучниот кадар е под голем притисок. Нема поддршка ниту има развиени капацитети во случај на непредвидени тешкотии. Ако се знае дека во пилот матурата беа вклучени само 33 средни училишта, а во државата постојат 96, тогаш е јасно дека два пати повеќе или тоа е само 1/3 од обемот кој треба да го покрие овој сектор за испити за да може со успех технички да реализира државна матура.

Под три, во проблематиката е наведено дека воспоставувањето стандарди е согледано и се препорачува процедурите за воспоставување стандарди усвоени од Државниот матурски одбор не се во согласност со меѓународните стандарди. Јасно е дека искажувањата досега на колегата по тезата дека државната матура е согласно со сите меѓународни и европски стандарди во кои треба да се добие квалитет во образованието паѓа во вода, бидејќи оној што го оценува проектот јасно кажува дека тие не се во согласност со меѓународните стандарди.

Секторот за испити треба да бара начин да ги убеди членовите на Државниот матурски одбор дека треба да користат пософистицирани методи за ги заштитат интересите на кандидатите. Тоа значи дека проверката на тестовите нема да биде со заштита на интересите на кандидатите.

Во проблематиката три, изедначување на тестовите, согледувањата и препораките се дека во варијантите на тестовите по трите мајчини јазици нема доволно заеднички текстови и теми. Мора да се води грижа варијантите за сите три мајчини јазика да содржат доволен број на заеднички теми и вистински идентични текстови. Заедничките теми треба да имаат идентичен формат и доминантно да бидат од видот на повеќечлен избор. Значи, техничката изработка е во прашање дали е таа добро направена и според она што значи состојба кај нас во образованието.

Во проблематиката четири процедурите за оценувањето, велат дека согледувањата и препораките биле, потребни се дополнителни мерки за да се подобри квалитетот на сите аспекти во процесот на оценувањето.

Секторот за испити треба да го разгледа процесот на квази двојното оценување, што се предлага и да одлучи како тој треба да биде имплементиран обука, прирачници, листи за оценување итн.

Овој систем на квази двојно оценување е сериозен проблем затоа што субјективноста во него е многу голема.

Во општите заклучоци во истиот извештај четири на раководителот на проектот за Модернизација на образованието вели дека нивото на кадровската екипираност останува неадекватно за се поголемо работно оптоварување на Секторот за испити. Зградата во која е сместен Секторот за испити треба да биде резервирана само за неговите активности. Во спротивно сериозно ќе се загрози успехот на матурата и воведувањето на вистинската матура и пилот матурата.

Опремата на информатичките технологии и другата опрема треба да бидат инсталирани што е можно побргу, бидејќи без соодветно користење на овој систем ќе постои ризик за реализација на втората етапа на пилот матурата итн, итн.

И, конечно, дава свое мислење за натамошни планови во кои препорачува временските рокови да се преиспитаат за да може Секторот за испити да биде во можност да ја презема одговорноста за воведување на матурата во 2008 година.

Почитувани колеги пратеници,

Ако се има во предвид дека од вкупниот број на ученици во редовна средно образование само 36% се гимназиско образование а останатите 64% се средно стручно образование, ако се има во предвид дека Законот за средно стрчно образование се донесе 30 мај 2006 година, а Законот за средно образование 2004 година, имаше доволен временски период сите подготовки да се завршат, законот благовремено да се донесе, подготовките благовремено да почнат и да нема сега ова што се случува - пролонгирање за да може наполно да се заврши подготовката за државната матура.

Во овој закон за средно стручно образование, во два члена се наведува, јас би ги цитирала, тоа е членот 43 во кој вели дека “подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од

една година од денот на влегувањето на сила на овој закон", и членот 20, ставот 3 вели дека "структурата, организацијата и реализацијата на испитите на крајот на секој вид на стручно образование и обука ќе се уредат со подзаконски акти и со концепција за државна матрура и за завршен испит, што ги донесува министерот". Ако овој закон е донесен на 30 мај 2006 година, колеги, сега сме 2007 година. Тоа е само неколку месеци.

Зошто се доцни со носењето на вакви законски акти, тоа е причина или тоа е работа што треба да ја одговори претходниот заменик министер господинот Тале Герамитчиоски, односно господинот претходен министер, Азис Положани.

Доколку се слушнат реагирањата на учениците, родителите и наставниците во однос на спроведената пилот-матура, сигурно дека би слушнале коментари, мислења, негодување во кои се истакнува дека испитните програми не се усогласени со наствните програми по мајчин јазик во средно гимназиско и средно стручно образование. Бидејќи мајчиниот јазик во гимнасиите се изучува со четири часовен неделен фонд, а во средното стручно образование со три часа неделен фонд. И едните и другите полагаат државна матура на иста програма.

Испитните програми беа ставени на веб страната на Бирото за развој на образованиeто во април 2006 година. Дистрибуцијата на истите програми започна во јуни 2006 година. Доколку оваа година се реализира државната матура, учениците ќе беа ставени во ситуација да ја дознаат испитната програма што се однесува за четири годишното изучување на мајчиниот јазик дури во септември истата година, кога ќе треба а се полага овој испит.

Намената на испитните програми е да ги информира наставниците, учениците и родителите за содржината на испитот и начинот на оценувањето. Веќе еднаш Уставниот суд на Република Македонија имаа донесено Одлука што се однесува на оваа проблематика. Односно, учениците, спротивно на нивните легитимни очекувања не дознале за воведување на државната матура, училишната матура и завршниот испит при запишувањето во средното образование. Но, исто така ова не е во согласност со Уставот, во однос на правната сигурност, како елемент на принципот владеење на правото како и во однос на уставната забрана за повратно дејство на законите и другите прописи.

Останува прашањето дали е законски ученикот да се информира за испитна програма, за државна матура во четврта година, односно во истата година кога ќе ја полага, а згора на сето тоа истата испитна програма не соодветствува на содржините што тој ги изучувал во четирите години на своето школување во средното училиште. Тоа е сериозен проблем, за што треба многу да се размислува.

Од сето горе изнесено,ценам дека е потребно да се донесе овој Предлог за измена во Законот за средно образование, со што би се овозможило веќе воочените слабости да се отстранат и со успех да се спроведе државната матура, ученичката матура и завршниот испит.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани колешки и клеги пратеници, почитуван заменик министре,

Дозволете ми, најнапред, да го искажам своето разочарување што за ваква исклучително важна тема денеска имаме само неколку пратеници во салата. Јас не мислам дека Законот за празници е поважен од денешниот закон, ниту пак мислам дека Законот за измена на Законот за електронски комуникации, кога ја менувавме Агенцијата за електронски комуникации е поважен од денешниот закон, затоа што зборуваме за закон, што, и покрај тоа што во себе содржи само еден член што предвидува измена на само една бројка, овој закон практично предвидува пролонгирање на реформите што се предвидуваат во средното образование и тангираат една огромна маса на млади луѓе што практично им е детерминирана нивната иднина. Мислам дека од таа причина, во ваквата законска измена, барем го заслужуваше вниманието на поголемиот дел на пратениците. Јас се прашувам што е поприоритетно од денешнава тема?

Меѓутоа, како и да е, очигледно дека за некои промени, вклучително расположението на парламентарното мнозинство, би требало да почекаме да добиеме на време, можеби да добијат на осет, меѓутоа се надевам дека во иднина моите почитувани колеги од парламентарното мнозинство ќе имаат поголем сенс за ваквите прашања.

Сакам да го изложам своето негодување за ваквиот предлог. Заради тоа што сметам дека предлогот не се заснива на сериозна анализа и сериозни аргументи. Предлогот е практично инцидентно решавање на протести на група ученици во неколку градови и, тоа што е најтрагично, ваквото решение го дознавме од премиерот. Јас се сомневам дека воопшто за тоа претходно е консултирам министерот за образование. Меѓутоа, имајќи го предвид начинот на функционирање на Владата и на парламентарното мнозинство, се знае дека не е за изненадување фактот дека, она што премиерот ќе го каже, тоа и мора а се спроведе, без разлика дали е во право или не. Без разлика дали аргументите се на негова страна или не.

Меѓутоа, мислам дека овој потег, вклучително и на премиерот е практично признание за конфузна и безидејна политика во образованието, што оваа

Влада ја продуцира во овие неколку месеци. Не можете да очекувате секогаш да имате поддршка кога спроведувате реформи, заради тоа што секогаш ќе најдете некој кој е тангиран од таквите реформи, кој ќе биде незадоволен и кому во даден момент нема да му одговара таквото спроведуање.

Меѓутоа, ако немате детерминиран став дека сакате да ги спроведете реформите, без разлика дали од одредена група се прифатени или не, тогаш ќе бидете доведени воситуација да го применувате истиот принцип секоја наредна година. Ако сте прифатиле оваа година под притисок на одредена група ученици да го одложите применувањето на матурата под извесен изговор, без сериозни аргументи, тогаш ќе бидете ставени, бидете убедени, под ист притисок и наредната година, кога наредната генерација ќе рече па зошто ние сега да полагаме кога не полагале тие пред нас, дајте повторно да одложиме. И, тогаш можете да бидете соочени дури и со посериозни протести. Затоа што еднаш веќе се покажало дека таквиот механизам, таквиот принцип дава плод. Благодарение на протестите на одредена група ученици, Владата, премиерот брзо излезе со одлука дека ќе биде одложена матурата, без при тоа да има и најмала резерва дека тоа во Собранието би можело да не помине. Доволно е Владата да одлучи.

Сметам дека причините не се доволни, затоа што она што беше искажано и тука, дека имало различни наставни програми во гимназиското и стручното образование воопшто не е аргумент. Сега ќе кажам зошто.

Денеска, во наставата, сеуште доминираат традиционалните наставни методи. Тоа е нешто што би требале да го измениме, тоа е нешто што го дискутиравме и кога ја подготвувавме Националната програма за развој на образованието.Таквите традиционални наставни методи се базираат најмногу на кумулирање на фактографски знаења. Токму заради ваквиот принцип, заради обемноста на програмата, заради тоа што можноста или способноста на ученикот да ги научи фактите станаа мерка за успешност на учениците, ние се соочуваме со слабости во образовниот систем што, на крај, како продукт, наместо да ни даде ученици што се подготвени со акумулирани знаења веднаш да бидат дел од пазарот на трудот, доколку не сакаат да го продолжат своето образование, ние се соочуваме со релативно слаби кадри кои не можат да се снајдат или да го применат тоа што го знаат во различни ситуации во секојдневиот живот. Заради тоа имаме слаби резултати на меѓународните тестирања што се спроведуваат во Република Македонија, токму поради практицирањето на ваквиот начин на оценување и евалуација на учениците.

Она што сметам дека матурата ќе го постигне, покрај другите ефекти, е измена на критериумите за оценување на успешноста на учениците. Па, наместо фактографско знаење, да ја провериме колкава е можноста на учениците да се знајдат и колку е, де факто, нивното знаење. Дали е само акумулирање на факти или пак акумулирање на знаење што ќе му овозможи да се снајде во извесни прилики.

Бидејќи тука беше спомната пилот државната матура по македонски јазик, по мајчин јазик, јас го земав примерот за македонски јазик и литература во смисла на разлики како наставни содржини за презентирани наставни содржини во тестовите што биле различни во гиманзиското и средното стручно образование. Земав еден пилот примерок од веб страницата на Бирото за развој на образованието, заради тоа што сакав да се убедам дали е тоа навистина така.

И, да, точно. Има, бидејќи во едно од изјавите на директорката на Бирото за развој на образованието, која успешно се крие и не се појавуива на Комисијата за образование наука и спорт, па не можеме да дискутираме со неа, мораме да ловиме една единствена изјава што ја има дадено откако е на таа функција, бидејќи вели дека едни учеле Хамлет од Шекспир, други учеле Ромео и Јулија, јас го земав тестот. И, да, има извадок од драмата Хамлет. Даден е еден извадок што учениците можат да го прочитаат. А, потоа,врз основа на тој извадок се дадени одредени прашања.

Меѓутоа, да се одговори на тие прашања, воопшто не е потребно учениците да го обработувале Хамлет на часовите. Тоа што со ова прашање сака да се направи увид е да се види колку учениците во текот на наставата се стекнале со способност да го разберат текстот и да можат да го анализираат, без разлика за каков текст станува збор.

Затоа, сметам дека разлилката во наставните содржини воопшто не е аргумент со кој што може да се брани ваквото одложување на матрутата.

Целта на матурата, кажа и господинот Герамитчиоски, особено на пилот-матрута, воопшто не е оценување на учениците, имајќи го предвид однесувањето на одредени ученици кои, бидејќи знаеа дека е пилот-матура, дека е проверка, еден добар дел не го сфаќамандманот ни сериозно. Некои од нив ги предавале дури и празни листовите. Не биле оптоварени со тоа да бидат одлично одговорени тестовите.

Пилотот матурата не беше спроведена за да биде лакмус за степенот на знаење на учениците, туку да биде лакмус за механизмите кои треба да се спроведуваат при реализација на Проектот матура. Меѓутоа, друго е прашањето што наставниците и одредени училишта, одредени наставници тоа го окарактеризираа како проверка на нивниот труд, на нивното вложено знаење или нивното пренесено знаење на учениците, па го сметаа тоа како критика на сопствената работа. Не е исклучено дека матурата ќе придонесе, во значителна мерка, за рангирање на успешноста

на одредени училишта, заради тоа што, ќе повторам, ќе влијае не на фактографското усовршување на знаењето, туку напротив на вистинското усвојување на знаењето и, се разбира во добар дел од тестот или во добар дел од случаите, тоа ќе биде одраз на трудот на наставниот кадар. Меѓутоа, тоа во најмала рака би требало да биде ирелевантно, затоа што еднаш треба а се соочиме, можеби и со таква градација и на наставниот кадар и на училиштата и на нивно реално позиционирање, а не на “митови” на веќе изградени митови што кружат за одредени училишта.

Кога зборуваме за корупција во образованиeто, зборуваме за протекции и врски. Зборуваме за енормнен притисок од страна на родителите врз наставниците, особено пред крајот на училишната година. Знаете дека  училиштата дури се соочуваат со потребата да ги затворат со клуч училишните врати за да го спречат влегувањето на родителите и така да го намалат притисокот врз наставниците.

Зборуваме за “надувани” оценки што најмногу штетат на ученикот, на она што ние би сакале да го добиеме како продукт на образованието.

И, кога зборуваме за овие прашања, зборуваме за прашања што се аргумент за побрзо спроведување на матурата како проект. Затоа што во тој случај, при спроведување на матурата, тука ќе биде ирелевантно дали некој во текот на четири години имал петка по одреден предмет или не. Единствено релевантно ќе биде неговото знаење. И, тогаш ќе ја сузбиете и корупцијата, тогаш ќе го сузбиете и притисокот на родителите и врз учениците и врз наставниците за поголеми оценки на децата, а уште повеќе ако се незаслучени и тогаш можеме да зборуваме за реални услови за спроведување на образование што ќе продуцира како кадар, кадри што имаат фактичко знаење, реално знаење а не фактографско и кои ќе бидат способни да се снајдат во секоја прилика во животот.

Затоа сметам дека секое одложување на матурата е лошо, особено ако нема аргументи, меѓутоа, она што мене ме разочарува е што Министерството за образование и наука не покажува подготвеност за спроведување на суштински реформи. Она со што се соочивме по првото преземање на власта беа обиди за одземање на ингеренциите на заедниците на локалната самоуправа, особено кога станува збор за именвување и разрешување на директори и поставување на проверени кадри, одложување на Законите за средно стручно образование и Бирото за развој на образование, па потоа наеднаш нивно повлеквување од процедура, претпоставувам дека брзо се пресметало Министерството дека со таквиот потез фактички признава дека нема капацитет новата врвна структура да проролжи со спроведување на оние реформи и да го обезбеди континуитетот кој што е неопходен во образованието особено, затоа што ќе кажам дека овие реформи траат поодамна, значи станува збор за реформи кои се континуитет на неколку влади и матурата беше последната од целиот систем на реформи што требаше да го заокружи тој процес и конечно да почнеме да размислуваме за други сегменти. Јас препорачувам на Министерството за образование и наука да се фокусира на суштинските реформи, да ги спроведе до крај, да направи се за нивна имплементација, меѓутоа, покрај ваквите одложувања, да се фокусира и на она на што се обврзало во програмата “Преродба во 100 чекори”, а тоа е дека ќе се зголемат буџетските средства за образованието до ниво од 5% од БДП почнувајќи од 1.01.2007 година, тоа што сега не е случај.

Апелирам наместо одложување на реформи, да ги спроведувате реформтие, меѓутоа, да го спроведете и тоа што сте го напишале во Програмата” Преродба во 100 чекори”.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам.

Почитуван заменик минситер, колеги пратеници,

Денес е на дневен ред едно горливо прашање кое треба добро да го обмислиме и да заземеме одреден став. Се работи за образованието, за една суптилна материја која сметам без никакви предрасуди треба да донесеме едно вистинско решение во интерес на учениците, во интерес на државата, во интерес на науката.

Од претходните дискутанти очекував малку повеќе да се задржиме на самиот проблем, но испадна дека ќе елаборираме малку пошироко, па ќе си земам за право и јас да напомнам некои работи.

Конфузноста или конфузната политика на одредено минситерство или влада ќе можеше да се види само во еден момент, кога брзоплето ќе се донесеа законите и брзоплето ќе се воведеше државната матура. Изјавата на премиерот Груевски, првичната изјава како што ја крстија, за одложувањето за полагањето на државната матура, а дури подоцна носење на ваква законска промена претставува ништо друго туку сублимирање на податоци и сознанија, како научни така и сознанија од теренот за можноста за реално спроведување на државната матура. Не гледам ништо лошо до колку се даде одредена изјава во која ќе се укаже на она што луѓето кои се компетентни, а тоа се просветните работници, учениците кои се најмногу засегнати од ова, да се согледа и да се вградат нивните размислувања дали е вистинско време за воведувањето на државната матура. Денес тука се кажаа многу работи, некои рекоа дека е ирелевантно кој е процентот на учениците кои положиле државна матура. Ќе напомнам дека според мене не е ирелевантно и воопшто не е небитно кој е процентот на учениците кои се стекнале со диплома државна матура, кои понатаму можат

своето образование да го продолжат на високо образовните институции. До колкус е случи да имаме голем процент на ученици кои би можеле да паднат на оваа државна матура, за нас би било, можам да кажам како просветен работник, понижувачки и за нас би било неприфатливо. Покрај сите оние работи кои се напомнаа дека оценката е одлична, но дека има една слаба карика, тоа е вистината. Не разговараме за механизмот за спроведувањето на самата матура. Ако сметаме дека механизмот е добар, а подоцна ќе дадам едно видување за самиот механизам, ќе напомнам дека од друга страна оваа слаба карика е многу битна и за мене не е обична карика, тоа се учениците. Таа е кариката која може да даде одговор на она што се нарекува зошто е голем процентот на она што се нарекува паѓање на државната матура. Се укажа дека тоа е пробна матура и затоа психолошкио тмомент можеби не е толку голем за да можеме да веруваме дека овој процент од над 60% средношколци кои не ја положиле пилот матурата дека не е реален. Јас ќе напомнам и да е 60% и да е 55%, тоа е фатално за нас. Што ќе се случи со високо образованит еисниттуции ког аогромен дел од средношколците нема да ја положат државната матура и не ќе имаат право да се запишат на факултетите или високообразовните иснтитуции. Тоа би значело и помалку кадар на кој понатаму Република Македонија би можела да смета со нивните интелектуални способности.

Од друга страна, зборуваме дека механизмите кои ги предвидуваме се толку добри, донесени до совршенство, што зборуваме дека ќе бидат чувани во некои сефови, дека не ќе имаат допир ниту учениците, ниту било кој, реално ќе напомнам дека не гледам стравување затоа што учениците не се оние кои го пробиваат тестот. Го пробиваат многу други личности.Механизмот и ден денес беше заштитен со полагањето на обичната матура што денес се полага. Знаете дека се пишуваат теми и дека денот, утрото, кога учениците ќе влезат внатре заседава комисијата и со влечење на еден  од пликовите донесува одлука која ќе биде темата за полагање на матура. Тоа значи дека нема можност за пробивање и тогаш на учениците се упатени кои се тие теми кои понатаму можат да ги работат за да можат да ја положат матурата. Ако е тоа пробивање денес, не знам, мислам дека не треба да стравуваме од она што се нарекува можност за пробивање на тестот. Се пробивале и на Медицински факултет, се пробивале и секаде, јас сметам дека она што е најбитно, на кое ако ништо повеќе треба да обрнеме внимание, а тоа е обучувањето и токму во оној дел на самата Комисија за наука и спорт кажавме дека имаме одлагање на државната матура бидејки не се реализирани неопходните подготовки, значи не се целосно спроведени. Една од колешките напомна тука дека само 30 училишта имаат пилот матура, училишта кои ја спроведоа таа државна матура. Но ќе напомнам уште нешто што е битен фактор, состојбата на нерамноправна положба која ги доведува учениците, што со закон е гарантирана дкеа ќе имаме рамноправност и еднаквост пред законите, што е оцена и на Уставниот суд на Република Македонија, а тоа е правилниците со кои треба да се спроведува завршниот испит. Но исто така ќе кажам и она што се наставните планови, кои не се на територијата на цела Македонија подеднакво застапени со бројот на часовите или се работи на иста материја која истите ученици би можеле по еден стандардизиран тест да полагаат државна матура.

Она што понатаму би сакал да кажам е дека е нормална загриженоста на опозицијата околу бројот и финансиите кои се потрошени. Нормална е таа загриженост затоа што до колку сето тоа одеше правовремено, државната матура требаше да се одржи или да се одржела во училиштата многу порано. Започнувањето на реформите не е со нив. Ќе кажам дека многу поодамна се започнаа реформите, ќе кажам дека многу поодамна се размислуваше за реформи. Една од првичните реформи која се проба беше хрватскиот модел на Софија Тодорова, кој не влезе во сила. Ќе напомнам дека овој модел кој го имаме сега беше разработуван и беше пробан и отпочна оваа реформа во времето на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година. Тоа не значи дека ние сме почетниците на реформата, а тоа не значи дека со вас господа од СДСМ започнаа реформите. Со вас ниту започнаа, со вас ниту ќе завршат реформите.

Она што сакам да потсетам околу заснованоста која што се напомна тука за Буџетот, или основаноста на Буџетот, иако е надвор од темата чувствувам потреба  да кажам дека во 2007 година Буџетот на Република Македонија во образованието е зголемен за 23-24%, што не е мала работа. Ова е една од најголемите стапкки со која од осамостојувањето до денес се зголемил Буџетот во образованието во Република Македонија.

Околу стандардизацијата на тестовите напомнав дека овие тестови треба да бидат подеднакви на целата територија на Република Македонија. Сонемањето на исти наставни програми учениците не можеме да ги третираме подеднакво, што не е право ниту пред Уставот ниту пред законите, некој кој што има 4 часа во неделата да полага иста материја со некој што има 2-3 часа во неделата. Времетраењето на обуката не е исто. Во периодот кој што доаѓа до воведувањето на државната матура кај просветните работници треба да има свртување на вниманието кај учениците, но и кај предметите, учениците  ова полагање на државната матура да го пречекаат подготвени. Што значи тоа? Не значи дека треба да размислуваме околу можноста за пробивањето на тестовите, не значи да размислуваме дали бројката од над 60% ученици кои паднале по пилот проектот на полагањето на

државната матура ќе биде толкав или поголем. Ние треба да сметаме на знаењето на учениците, затоа што и со оваа нова програма дополнителните активности се укинати, така што тука можете да работите со талентирани ученици, тука можете да работите со оние кои послабо ја совладале материјата. Предметниот треба да му овозможи на ученикот штополесно да ја совлада материјата. Изнаоѓањето на начин како таа материја која што треба да се обработи во наставно-научните програми треба за секого групно или поединечно да се изнајде начин како да се совлада оваа материја, за да може бројот на овие ученици што паѓаат на матурата да биде што е можно помал.

Околу пробивањето ќе напомнам уште еднаш дека и сега механизмите се добри и дека пробивањето на матурата не може да го има и не треба да го има. Реков дека тоа се случува пет минути пред давањето на темата, пет минути пред учениците да почнат да ја полагаат матурата, така што драги колеги не треба да стравувате од она што се нарекува пробивање на матурата и не треба да се трошат толку многу средства во областа на чувањето на материјалите, во областа на стандардните тестови дали ќе биле со жиг или осигурени на друг начин, едноставно треба средствата да се наменат кон просветните работници, за да можеме да ги мотивираме што е можно повеќе да му дадат образование на самиот ученик. Оној момент кој што го кажав, оној момент кој што го барам од моите колеги е во просветата да обрнат повеќе внимание спрема давањето интелктуална моќ спрема учениците, поточно, изнаоѓањето на начин со кој полесно би можеле да бидат совладани овие материи кои се предвидуваат за полагање на државна матура.

Ќе напомнам дека суетата која ја напомнавте е суета која треба самите вие да ја тргнете од вас, затоа што оваа државна матура ниту почнала ниту ќе заврши со вас, дека треба добро да се обработи, дека треба овој процент од над 60%, што е процент на ученици што паднале на оваа матура да го сведеме на 6%. Тогаш ќе кажеме дека сме успеале, тогаш ќе кажеме дека имаме добри реформи во образованието. Реформата во образованието не се состои само во она што се нарекува полагање на државна матура, туку се состои и во наставно-научните програми, се состои и во односот на професорот спрема ученикот, се состои и од она што е воспримање или начин на давање интелектуална наобразба на самиот ученик. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Грозданов.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сосема накратко ќе прокоментирам нешто по оваа точка, иако мислам дека тука најхендикепиран е заменикот министер за образование, кој како професор и колега го ценам и не верувам дека самиот стои зад овој проект, но во една коалициона Влада морате и да браните интереси на политиката што ја спроведува Владата, од проста причина што двата дискутанти од ВМРО-ДПМНЕ, нашите коелги овде во Собранието, потврдија дека државната матура не ја познаваат, принципите, насоките, препораките, има хендикеп со недостаток на информации и врз база на тоа се даваат и паушални оценки. За жал, денешната расправа, пред се реков од претставниците и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се покажа дека станува еден апсолутно неевропски курс што се следи за победа уште еднаш на популизмот врз реформскиот дел и непочитување на вложено знаење во одредени личности. Згора на тоа , се покажа и се докажа дека со сите примери што ги дадоа во овој момент Владата на Република Македонија не е спремна да започне со процесот на задолжително средно образование. Сите примери што ги дадоа одат во поинаков правец. За жал, понекогаш кога зборува опозицијата се етикетира дека тоа што го мисли е од некои други причини, но денес во дел од “Еврорама” од дневниот весник “Дневник” се пренесуваат констатациите од дипломати од Брисел, каде што кажува впечаток дека “Македонија не ги разбира пораките што на земјите кандидати им ги испраќа 6-тиот бран на европското проширување. Се согласуваат сите дипломати што се фокусирани на нашиот регион.

Тука се наведени причините, недостатокот, политички дијалог, промени на администрацијата со доаѓањето на новата Влада, со кои и малкуте македонски функционери, добри познавачи на европските процедури беа сменети и ...

Потпретседателе, очекувам согласно Деловникот да обезбедите услови јас да зборувам, а вие сте тие што треба да обезбедите ред и мир или мене да ме опомените.

Уште еднаш да потенцирам, за жал ова го зборуваат бриселските дипломати. Оставете не нас, апстрахирајте не во даден момент, цитирам од дневниот весник “Дневник”, гледам сите го имате на маса, цитирам што кажува овде. Не можам да сватам, всушност можам да сватам, уште не ја разбирате пораката.

Доколку вие оцените доколку сум надвор од темата, ве молам вие прекинетеме, но ако има дофрлувања ве молам да обезбедите ред.

**Бесим Догани:** Во ред, повелете.

**Јани Макрадули:** Значи, ова се дел од сигналите според кои Брисел доаѓа до поразителен заклучок. Тука тропањето не помага. Од ова аир нема никој. Зошто го кажувам ова? Кога Холандската влада како земја членка ќе инвестира во целиот овој проект на државна матура, кога ќе ја направи зградата, кога ќе потроши од парите на граѓаните, или давачките на граѓаните 235 илјади евра за опрема што се дадени, а не ги користите, не очекувајте дека ќе

добиeто пофалба за тоа од Холандската влада, туку ќе добиете она што се случи. Ќе ги повлечат вториот гранд за инфраструктурни реновирања во образованието во вредност од 6,5 милиони евра. Затоа зборувам и затоа пораката треба да ја читаме. Секој што знае, еве и на заменик министерот му е јасно, опрема што е купена, дали од компјутерски аспект, дали се тоа баркод читачите, штампачите за пишување, со тек на време губи од својата вредност. Една година не користење на таа опрема ќе изгуби од својата вредност, технологијата е немилосрдна во денешно време. Не за џабе кога ќе види некој дека некој процес е прекинат, ќе го прекине инвестирањето во другите делови на образованието.

Извештајот што е читан тука, е извештај што можеби зборува за 2004 година, затоа што колешката Ташева е најблискку тука веројатно од сите пратеници што живее до тој центар и знае дека освен Центарот за државна матура не постои ништо друго во таа зграда. Ги гледа секојдневно решетките со кои е опкружена зградата и сите тие работи што се направени дека таму нема друг објект.

Препораките што ги прочита, Извештајот од 2004 година, опремата што кажува дека треба да се купи е опрема што е купена. Инаку, сите тие работи што ги кажавте ако не се направени како можете од септември да почнете да работите, ако допрва сега влегувате во набавка на 50-тина компјутери, сервери, читачи и цела печатница на материјал кој треба да биде потоа користен во процесот на државната матура. Или на кој начин е спроведена пилот матурата ако немало само инфраструктура, или ако немало опрема. Затоа мислам дека денес сите работи што беа кажани не соодветствува на она што како политика го води ВМРО-ДПМНЕ посебно во делот на задолжителното средно образование, материјалите што ги подели во рамките на работни групи точко го кажуваат образованието и во Германија и во Унгарија дека државната матура, испитниот центар се сите тие точки од посебен интерес во процесот на средното образование, подигнување на квалитетот на образованието, но за жал сведоци сме на неможност помеѓу популизмот и реформските курсеви да се опстои на нешто што е почнато многу пред 2002 година. Затоа не верувам дека во овој момент има капацитет да се одржи државниот испит и верувам дека и идната година ќе имаме одложување на овој проект, иако имаме сличен закон само што годината на почетокот на важењето на матурата ќе биде пролонгирано за уште една година.

Навистина сакаме да отвараме теми, сакаме да поставуваме стандарди, но тие треба да бидат реални да можат да се имплементираат, а кога сме во самиот чин да ги реализираме тогаш повторно се преовладуваме на дневната политика. За жал еден концепт апсолутно направен со сите нишани пропаѓа со неможноста, или немањето храброст од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Повелете госпоѓо Ташева, реплика од три минути.

**Виолета Ташева:** Внимателно го слушав почитуваниот колега, иако за негово информирање добро е да знае дека она на кое се повикав беше Четврти извештај од раководителот на проектот за модернизација на образованието, направен во период, тоа го кажав и во мојот говор, повторно ќе го повторам, истото, март 2006-ноември 2006 година.

Почитуван колега, тоа значи дека добро сум информирана, затоа што сум го прочитала со внимание овој Извештај во кој многу јасно се наведуваат проблемите со кои се соочува напредокот во реализација на проектот за модернизација на образованието во делот на државната матура.

Објектот каков е, што е, дали функционира и како функционира тука раководителот на проектот многу јасно опишал и кажал кои се работи треба да се направат за да се отстранат сите тие недоследности.

Што се однесува до користењето на истата опрема, јас би го прашала колегата, бидејќи заменик министерот е од Социјалдемократскиот сојуз, а е негов колега, сигурно би му кажал за негова информираност, значи бившиот заменик министер сигурно би му кажал како се прегледани тестовите од пилот матурата која беше спроведена во април месец 2006 година. Дали била користена таа информатичка технологија и просториите и сите технички услови кои они велат дека ги имале, биле на располагање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика бара збор Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

За поздравување се само некои изнесени факти во кои што, пред мене е Извештајот од Комисијата за образование, на која што сум член јас. Во тој временски период се протежираше тезата дека ВМРО-ДПМНЕ ги избрка вработените, денеска слушнавме, и во стенографските белешки може точно да се види дека заминале, што значи дека и таа шпекулација веќе ја отстранивме, а зошто заминале и како заминале тоа е друга тема и друга дискусија за која можеме да елаборираме и да дискутираме.

Но, ќе напоменам дека суштинската разлика помеѓу однесувањето на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ е една, а тоа е што тие се зафаќаат најповеќе на она што се нарекува механизми за спроведување на државната матура, парите, машините, трезорите и една група на луѓе кои што, за секоја чест, ги обучиле онака како што предвидуваат европските стандарди.

Ние господине потпретседателе сме онаа другата теза во која што гледаме спроведување на Уставот, а тоа е рамноправноста на сите пред Уставот, со она што програмите кои што се во ужилиштата треба да бидат подеднакви за сите на територијата на Република Македонија ако сакаме да имаме стандардизирани тестови.

Втора работа, се свртуваме спрема она што се учениците. Најбитниот фактор ни се учениците во овој момент и онаа бројка, несреќна бројка на пилот проектот на полагањето на државните матури, кој што кажува дека над 60% не го положиле. Тоа ќе биде, јас ве уверувам, доколку ја спроведеме државната матура, катастрофа за образованието во Република Македонија.

Затоа апелирам да прекинеме со она што се нарекува наметнување на тезите кој кога започнал да ја спроведува реформата во образованието и каков бил начинот на спроведувањето на реформата. Предлогот што го имаме денеска пред нас, Предлог за изменување на Законот за средното образование, како што една од претходните дискутанти, колешката напомена само една бројка за нас многуважи. Тоа се огромен број на средношколци кои што треба да ја полагаат оваа државна матура и затоа да ве замолам да го изгласаме овој Предлог на закон и нормално да помине во најдобар ред. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Иако не мислам дека репликата беше за мене согласно Деловникот, значи ако се алудираше на промените на администрацијата со доаѓањето на нова Влада, со која малкуте македонски функционери, добри познавачи на европските процедури за измените уште еднаш да кажам “дипломат од Брисел во денешниот “Дневник”, во прилогот Република Македонија ...”, тоа е една работа.

Втора работа, зарем мислите колега Грозданов дека до прво септември кога ќе биде полот проектот ќе ги усогласите програмите и во средното стручно образование и во гимназиите? Да не се залажуваме. Тоа не може да се случи ни идната година, само е битна решеноста на Владата дали ќе влезе во еден реформски проект или ќе подлегне на популизмот и на постојаното незадоволство на дел од учениците во секој случај. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Првиот пат кога излегов на говорница искрено да ви кажам искрено се плашев да не претерам во елаборирањето, да не влезам во замката на држење на предавање. Имав намера да објаснам што значи тоа, но очигледно е дека некои луѓе и десет пати да им објасните, толку им е капацитетот не можат да разберат.

Она што почитуваната колешка го чита, Извештај од одговорниот за имплементација на проектот за модернизација на образованието е толку извртена теза што да ви ја кажам вистината нема да верувате. 235 илјади евра е спецификацијата на потребната опрема. Република Македонија во тој момент во буџетските средства немаше законска ставка со која што можеа да се покријат тие средства. Тие самите се понудија, носителите на проектот за модернизација на образованието, кој што е потполно за друга намена, за друга цел, да понудат помош оној кој што се занимавал со тоа подетално ќе ги знае механизмите како се добива помош. Велат дека треба да пишете извештај во кој што ќе воочите слабости во кој што ние како борд треба да одобриме дополнителна сума пари за да се покријат тие барања. Тие средства се добиени врз тој Извештај, кој што таа го има испратено и тие средства се потрошени за таа опрема, таа опрема е сместена, таа опрема е монтирана и таа опрема беше ставена во функција и успешно одговори на задачите проектирани во самиот процес.

Жал ми е ако вас ви личеше дека ова е лична суета, или не знам што. Ние докажавме и покажавме дека респектираме континуитет на реформи, не е важно кој почнал, кој завршил, ние се залагаме да не се завршат, а вака како што работите вие пред време нема ни да ги започнете, а ни да ги завршите.

(Реакција на некои од пратениците од позицијата)

Јас ви посочив пример како се работи. Ние поканивме со почите сите оние кои што работеле во претходниот мандат и ги слушнавме нивните мислења, нивните негативни, нивните позитивни искуства и ги вградивме во идните предлози. Не се чукавме во гради дека ние тоа сами сме го добиле, напротив покажавме и докажавме дека со континуирано почитување на сите реформски процеси само може да дојде до успех.

Главниот недостиг, главната слабост лежи во училиштето. Поучени од тоа немојте да зборувате паушални оценки, бидејќи навистина не сте информирани што се е направено. Информирајте се во Бирото за развој на образованието какви се програмски документи се донесени, кои промени се направени по училиштата и потребно е време да профункционираат. Има проектни активности, има ментори кои што учениците треба да ги изберат, има дополнување на наставните активности на секој наставник со посебен фонд на часови, кој што е предвиден за дообјаснување на материјата во однос на матурските испити кои што ќе бидат избрани.

Од проектот модернизација на образованието дополнително им е посочено на средните училишта да изработуваат елаборати со кои што ќе ги добијат средствата предвидени од блок

грантовите во функција на матурата со имплементација на матурата почитувајќи ги сите слабости и проблеми кои што се воочени за адаптирање на училиштата.

Организирана е едукација на кадарот и тоа можете да го проверите. Ако вас не ве поканиле значи училиштето не рачунало на вас дека вие ќе бидете ангажирани во државната матура, и тоа ми е жал, веројатно предавате предмет кој не е опфатен во тој процес.

Она кое што постојано го посочувате, 60% паднале во пилот проектот, сигурни ли сте во тоа? Сте ги виделе ли тие податоци? Знаете ли за што зборувате?

Не постоеше нормативно вреднување на резултатите. Не постоеше оценување. Постоеше калибрирање на тестовите. Прашајте експерти кои што се занимаваат со таа област и ќе ви посочат дека немаше паѓање, ниту станување, немаше оценување во тој проект. Погрешно ги читате резултатите и погрешно ги имплементирате оние информации кои што паушално стигнале на некој начин до вас.

И да е сето она точно, кое што го посочивте, да претпоставиме дека ништо не е направено, Македонија не е спремна да стратува со државната матура и еве Владата, Министерството оцениле дека треба одложување. Во ред, тоа е легитимно, мислите ли дека за една година дека оние крупни слабости кои што ги посочивте како воедначување на студиските програми ќе биде доволно за да се подготвите за 2008 година. Ако ништо не е направено тешко, се сомневам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јавија Виолета Ташева и Цветко Грозданов.

Има збор за реплика три минути госпоѓа Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колега Герамитчиоски вие по се изгледа не можете да ја сфатите сериозноста на еден проект кој е 5 милиони долари од Светската банка, 10 милиони евра донација од Владата на Кралството Холандија и 3 милиони американски долари учество на Владата на Република Македонија.

За ваше потсетување, 2004 година кога бевте парламентарно мнозинство донесовте Закон за заем на Република Македонија за имплементирање на овој проект за модернизација на образованието.

Она што почитуваниот раководител на Проектот го дава како Извештај за напредување на активностите во Проектот за модернизација на образованието за вас претставува извртени тези, тоа е ваш проблем на перцепција. Очигледно извештаи кои ви одговараат вака или онака ќе ги толкувате во зависност дали сте позиција или опозиција, а колку сте несериозни кон задолжувањето на Република Македонија, на граѓаните на Република Македонија со еден ваков заем за имплементирање на еден ваков проект со тоа што извештаите од Проектот се многу негативни тоа е навистина за осуда и за чудење како можете тоа да го дозволите и да се запрашаме кои се вашите капацитети и милион пати да ви се каже дека тоа е штетно за Македонскиот народ.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Што да се каже, и десет пати да прочитате една реченица, очигледно е дека ви треба време за да ја сфатите. Извештаите негативни се откако имаше промена на власта. Како резултат на тоа 6,5 милиони евра кои што ние ги договоривме за поддршка на инфраструктурата, како резултат на доброто имплементирање на грантот од холандската Влада, вие успеавте да го запустите. И, сега, има закана од страна на холандската Влада дека ќе се повлече веќе договорениот грант од 6,5 милиони евра. Ако ние сме биле неуспешни, тогаш немало да успееме да го добиеме, а немојте да ми држите лекции, бидејќи јас сум бил директен учесник во преговорите и еден од потписниците на тие спогодби.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика од три минути пратеникот Грозданов Цветко. Повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Очигледно, само во едно сме во право. Имаме заедничко мислење дека и до утре да дебатираме, некои личности нема да разберат за што станува збор. Овде станува збор за еднаквост или рамноправност на учениците во полагањето на матурата, државната матура пред Уставот на Република Македонија. Но, ме изненадува фактот како господине потпретседателе дозволивте господинот пратеник да искаже такви навреди и сега и јас да не останам малку покус ќе кажам: господине заменик министре, како сме дозволиле ваков капацитет да го пропуштиме и да не го земеме да учествува, затоа што гледаме дека реформите во образованието во изминатите 4 години толку ни одеа напред, што самите не сме свесни. Па ние пред време сме ги завршиле реформите. Јас ќе напомнам, господине потпретседателе, дека вакви работи не треба да допуштате. Но, ќе се извинам на македонската јавност за вака искажаните работи, затоа што навистина е недолично на еден пратеник или бивш заменик министер да се однесува така кон своите колеги парламентарци. Тоа е негов начин на перцепција и негов начин на размислување и видување на нештата. Со тоа самите укажуваме кој колку неинтелектуално отишол напред, туку е ограничен. Благодарам

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута на Герамитчиоски Тале. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Жал ми е што ова го слушам, ама тоа е. Не можете да ги поправите капацитетите или да поправите воспитување на некој човек, туку тоа се добива континуирано и не може да се промени во секундата. За она кој колку направил и што направил, колку реформите биле напредни, колку биле позитивно оценувани покажуваат резултати и други даваат оценки за тоа, а не самите ние. Можеби на почитуваниот колега не му се допаѓаат некои личности, не му се допаѓаат некои постапки, не му се допаѓа минатото, но за жал јас тоа не можам да го изменам. Тоа не негов личен проблем.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Сосема накратко околу две поенти, кои што заборавив да ги напоменам во моето излагање, а кои сметам дека се важни. Едната важеше тогаш, со другата сум испровоцирана во текот на дискусијата.

Еден од аргументите кој што беше истакнат зошто се одложува матурата, беше реагирањето на учениците и родителите дека во овој период ќе се зголеми активноста меѓу учениците, за да се дообјасни како тоа ќе функционира. Морам да кажам дека ние како Собрание сега сме во една незавидна ситуација, затоа што веќе поминаа речиси три месеци од предлогот на Владата доставен до Собранието, а во периодот од изјавата на премиерот до поднесување на законот за измена на Законот за средно образование поминаа два месеци, што значи речиси помина половина година откако од страна на премиерот беа најавени овие измени, а ние не сме дошле во ситуација да расправаме за ова на пленарна седница. И, веќе сме во ситуација кога де факто е прифатена идеата или иницијативата за неодржување на матурата. Меѓутоа, дека се зголемени активностите меѓу учениците, не можам да се согласам, затоа што такво нешто не е направено сега од страна на Бирото за развој на образованието не е спроведена ниедна активност, било за објаснување во овој период меѓу учениците, било меѓу наставниот кадар.

Второ, како аргумент, а на тоа во прилог оди фактот што на средбата што Унијата за средношколци ја организираше, ниту еден претставник на Министерството за образование не се појави, а ја организираа во функција меѓу другото и да им се објаснат одредени прашања во поглед на матурата, кои што на средношколците се уште не им се јасни. А, веќе сме во второто полугодие. Ако аргументот рамноправноста пред Уставот е еден од клучните аргументи, за кои што денес тука се дебатира од страна на пратениците на парламентарното мнозинство, тогаш јас сум навистина сериозно загрижена, затоа што од ниту еден пратеник на парламентарното мнозинство не слушнав жолчна дебата во која што се брани принципот на рамноправност пред Уставот кога зборувавме за членот 12 од Законот за извршување на Буџетот, со кој што овозможивме државата да отплаќа кредити на нашите министри и функционери кои доаѓаат од странство, за да ги одржуваат нивните имоти во странство. Е, тогаш, навистина ќе поверував на нивната добронамерност, дека навистина сакаат да се залагаат за принципот на рамноправност пред Уставот, а не да го користат само тогаш кога на нив им одговара. Јас апелирам да се фокусираме на реформите кои што ќе овозможат квалитетно образование. Факт е дека кога спроведувате реформи, последиците можат да бидат големи, меѓутоа кога ќе ги споредите колкав е влогот, јас сум убедена дека како држава продолжуваме да се фокусираме на реализацијата на овие реформи. Во спротивен случај, доколку подлегнуваме на различни притисоци за одложување на реформите, никогаш нема да достигнеме она ниво за кое што се залагаме, а тоа е во најмала рака европско образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да му предложам на Собранието да го усвои Заклучокот, би ги повикал пратениците да влезат во салата.

Бидејќи нема доволен број на пратеници, јас го заклучувам претресот и овде ја прекинувам денешната седница.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам

(Седницата прекина со работа во 17,43 часот)